# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 јуни 2001 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија со почеток во 15,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и г-да пратеници, ја отворам Седумдесет и осмата седница на Собранието на РМ.

Пратениците Данило Глигоровски, Ѓулистана Марковска и Ѓорѓи Спасов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 72 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на РМ Борис Трајковски и претседателот и членовите на Владата на РМ.

Дами и г-да, веќе подолго време РМ и нејзиниот територијален интегритет и суверенитет се загрозени од подмолните вооружени терористички напади од припадници на таканаречената ОНА.

Македонските безбедносни сили храбро се соочија со предизвикот и должноста да ја чуваат и бранат татковината и мирот, спокојството на граѓаните од овие терористички натрапници. Во таа света борба многу припадници на безбедносните сили ги положија своите животи.

Ве повикувам со едноминутно молчење да им одадеме почит на последните жртви во борбите кај Арачиново, загинатите припадници на Министерството за внатрешни работи Александар Стојчев и Атанас Јанев од Скопје и Никола Пехчевски од Берово, загинатиот капетан на Армијата на Македонија Синиша Стоилов од Скопје во борбите во Кумановско и загинатиот припадник на МВР Коста Волканоски од Неготино во борбите на локалитетот Попова Шапка.

(Сите присутни во салата стануваат). Слава им.

Почитувани пратеници, со поставувањето на Илјаз Сабриу за вонреден и ополномоштен амбасадор на РМ во Република Словенија констатирам дека му престанува функцијата пратеник во Собранието на РМ.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на РМ заради разгледување на закони од областа на економијата, со чие донесување ќе се овозможи одржување на континуитетот на процесот на структурните реформи и создавање услови за нивно успешно имплементирање.

Владата на РМ предлага на оваа седница по итна постапка да се донесат измените и дополнувањата на буџетот на РМ за 2001 год.

Предлогот на Владата ви е доставен.

Молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на измените и дополнувањата на Буџетот на РМ за 2001 година.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Би го замолил парламентот ако може точката за ребалансот да се стави последна или меѓу последните, од причина што Владата денес усвои уште еден ребаланс и донесе одлука да ги спои физички за што е потребно неколку дена. Бездруго, претпоставувам Парламентот по овие прашања ќе дискутира неколку дена, па да не дискутираме за два ребаланса по две недели би замолил ако може оваа точка да се стави поназад и од понеделник ќе се достави нов текст. Значи, не го повлекуваме, туку да го поместиме поназад, бидејќи Владата ќе достави корегиран текст.

Инаку, итноста ја образложуваме со две причини.

Првата причина е, сега и со новиот ребаланс што се усвојува користењето на средствата што се потребни за националната безбедност на земјата.

И втората причина е користењето на средствата од Телеком, кои се инкорпорирани во пресметките за бруто домашниот производ оваа година и се очекува да влијаат на растот на бруто домашниот производ и кој што треба да почнат да се ефектуираат. Меѓутоа, за жал, заради сложеноста на ситуацијата и неработењето на Собранието не дојдоа на

дневен ред и score неможеа да влезат во ефектуирање.

Значи, постои прилично голема итност по тоа прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, образлагањето на итноста се однесува на измените и дополнувањата на Буџетот на РМ за 2001 година, што ги опфаќа оние измени што веќе беа доставени овде и овие што денес Владата ги утврдила и ќе дојдат како единствен материјал овде на разгледување.

Предлогот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеници, од кои 64 за, 7 воздржано и 4 против.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот на Владата.

Владата на РМ предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за дополнување на Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2001 година.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од донесување на овој закон.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Образложението е исто. Ова оди пропратно заедно со измената на Буџетот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеници, од кои 62 гласале за, 9 воздржано и 4 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Владата на РМ предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за данок на финансиски трансакции.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој закон претставува надомест на загубените приходи, односно непристигнатите планирани приходи и зглемените расходи на Буџетот заради политичката криза во земјата и е премостување на ова криза од финансиски аспект.

Неговата итност е голема затоа што во редизајнирањето на Програмата со ММФ се претпоставува дека од 1 јули до 31.декември, овој Закон ќе биде на сила и дека ќе обезбеди одредена сума на приходи која треба значително да влијае на намалување на буџетскиот дефицит.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот го ставамна гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 72 пратеници, од кои 52 за, 5 ворздржано и 15 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, би замолил Парламентот освен овој дневен ред, за три пати уште неколку точки кои се од битен карактер, кои Владата исто така ги има прифатено и разгледано. Тоа е Законот за Народна Банка на РМ кој што е дел од матрицата со ММФ и кој денес е усвоен од страна на Владата и испратен во Парламентот така што секој момент треба да пристигне во парламентот, потоа Законот за чек, Законот за меница и Законот за ратификација на Спогодбата за Украина за слободна трговија, бидејќи периодот што доаѓа е доста важен за земјоделските производи и за извоз во Украина и тоа ќе биде многу големо олеснување за македонските компании. Тоа се четири закони.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Треба за секоја точка поединечно да се образложи итноста исто како за Буџетот.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Значи и Законот за Народна Банка е дел од матрицата што е договорена со ММФ и во Законот има една одредба според која Народната Банка на РМ треба да биде подложена на надворешна ревизирја од странска ревизорска куќа што во сегашниот закон ја нема, а што е услов на ММФ за да оди на бордот. Тоа е една одредба која што ја има во новиот закон и која што ја условува итноста.

Законот за чек и меница се дел од новиот платен систем, нивното подобрување и зајакнување, особено казнените одредби се еден сегмент...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам образложувајте ја итноста за секој закон посебно.

Прво да одиме со Законот за Народна банка.

Предлогот го ставам на гласање.

Гласале 68 пратеници, од кои 52 за, 13 воздржано и 3 против.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот на Владата.

Збор бара г-динот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине претседателе, мислам дека правите не само процедурална туку и суштинска повреда на Собранието. Со самиот предлог на министерот во излагањето беше кажано дека материјалите односно предлозите на закони не се стигнати во Собранието. Во Уставната одредба за изјаснување на пратениците дали да стават на дневен ред или да не стават, треба барем да ги имаат примено материјалите, да видат што пишува во нив, кој е предлогот. Мислам дека ваква состојба не е вред. Неможе пратениците да гласаат на бланко доверба дека предложените проекти кои не се стигнати се на пат некаде до плоштадот од Владата до Собранието и да се изјаснуваме да стигнат на дневен ред. Ние треба барем минимум да бидеме запознаени со содржината на текстот на Предлог на законите за да гласаме за да влезат во дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во најчести случаи тоа е така, но кога е итна седница и кога се предлага по итна постапка да одат можно е и на овој начин да се одлучи. Затоа е должен предлагачот да ја образложи и содржината и итноста и затоа тоа така го направи.

Одиме понатаму. Ве молам, образложете го секој предлог поединечно.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Законот за меница е исклучително важен од причина што со воведувањето на новиот платен промет се укинува акцептниот налог како еден од инструментите за обезбедување, додека меницата треба да го замени. За да го замени треба да бидат извршени измени со кои се зајакнува овој инструмент и ќе биде вистинска и подобра замена од колку што беше сегашниот доста користен инструмент акцептен налог, а од 1 јули влегуваме во новиот систем на платен промет, така што тоа е итноста.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, од кои 46 за, 13 воздржано и 3 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Повелете г-дине министре.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Законот за чек е со истото образложение како и законот за меница.

Тој платен инструмент треба да биде засилен, подобрен затоа што се исфрлаат едни инструменти, се водуваат други, се зајакнуваат некои од постојните. Тоа е истото образложение, заради новиот платен систем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, од кои 47 за, 13 воздржано и 3 против.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот на Владата.

Повелете г-дине министре.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Последниот предлог тоа е законот за ратификација на Спогодбата за слободна трговија меѓу РМ и Украина, што е веќе одамна доставен до Парламентот. Исклучително е важен, долго време чека во Парламентот, почнуваат летните одмори и голем број земјоделци би сакале своите производи да ги извезат во Украина со намалена царинска стапка или без царина. Тоа е од исклучителен интерес за самото земјоделство во РМ во овие тешки ситуации кои што се сега, така што му предлагам на Собранието иако тоа одамна е донесено и беше и во писмото од Владата до Собранието наведено да се стави на дневен ред, не е ставено во овој дневен ред, па предлагам ако може тоа да го прифатите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 77 пратеници, од кои 63 за, 12 воздржано, и 2 против.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот на Владата.

Со оглед на карактерот на прашањата што се предлагаат да се разгледаат на оваа седница предлагам предлогот на дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Гласале 81 пратеник, од кои 65 пратеници гласале за, 10 воздржано и 6 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Процедурално за збор се јави г-динот Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Мислев дека во името на Парламентот вие ќе интервенирате, меѓутоа, бидејќи тоа

не го направивте вие, јас ќе се обидам да упатам една забелешка до министерот за финансии што јавно ги прозиваше пратениците преку медиумите да заседава Парламентот и да го реши пакетот економски закони. Мислам дека се упатил на погрешна адреса. Единствен кој е овластен да свикува седница на Собранието тоа сте вие г-дине претседателе и министерот требало да се обрати до вас, а не јавно да ги прозива пратениците, бидејќи ако го следиме принципот на изборност, пратениците ќе ги прозицваат граѓаните кои ги избираат, а пратениците ќе ја прозиваат Владата, вклучувајќи го и министерот за финансии бидејќи се избрани во ова Собрание а не обратно. Значи некој ги помешал работите па јавно ги прозива пратениците по весниците.

Второ, бидејќи од почетокот на кризата имаме барање кое е обновено три или четири пати за свикување итна седница на Собранието, на која ќе биде разгледана безбедносната ситуација во РМ.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:** (продолжение)

На неколку координации се согласивме дека е потребно една таква седница. Последнит пат се договоривме, вие како што кажавте г-дине претседателе дека кај Владата нема расположение, тоа беа деновите пред одењето во Луксембруг, нема расположение за таква седница и рековте да имаме трпение, да се заврши состанокот во Луксембург и потоа да се свика една таква седница. На последната координација, на таквото наше барање се приклучија и другите координатори, еден добар дел од координаторите кои беа кај вас и се согалсивме, а колку што мене ми е познато има барање и од други пратенички групи за една таква седница па мислам дека е редно сега јавно да кажете дали сте разговарале со Владата, дали таква седница е закажана и дали имате намера да ја закажете.

Впрочем, јас овде би побарал парламентот овде да се изјасни за едно такво барање, за свикување на една таква итна седница. Незнам дали треба да се потсетуваме какви се настани, со филмска брзина се менуваа овие денови, или овие изминати три-четири месеци во РМ, а парламентот воопшто беше ставен во аут. Се водеа воени дејствија, се водеа политички преговори, се случуваше Арачиново, настаните пред Собранието, ред настани кои од темел ја потресоа државата, а за тоа време парламентот не се состанува. Мислам дека тоа е ваша главна одговорност, бидејќи вие сте тој кој ги закажува седниците на Собранието.

На координациите кои ги свикувате, на моја забелешка дека имаме упатено такво барање, вие рековте, една мала пратеничка група побарала. Г-дине претседателе, никаде во правилникот не стои дали е мала или голема пратеничка група. Може и еден пратеник да побара такво барање. Според тоа не држат таквите образложенија, не е расположена Владата итн. итн. На крајот на краиштата тоа Собрание ќе ја задолжи Владата до каде ќе оди во политичките преговори, до каде ќе оди со справувањето со кризата, кој е лимитот, кои се рамките во кои таа треба да се движи. Затоа уште еднаш, ве молам, јавно овде ако треба ставете го овој наш предлог на гласање, да се закаже една итна седница на Парламентот, бидјеќи во вакви суштински м моменти неопходно е парламентот да расправа за таквите проблеми, а не работите да се водат параинституционално.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Како што ви е познато седниците ги закажувам врз основа на договорите што ги постигнуваме на координациите каде претседателството на Собранието заседава заедно со пратеничките групи.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија,
2. Предлог за именување заменик на министерот за одбрана,
3. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2001 година,
4. Предлог на закон за дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2001 година,
5. Предлог на закон за данок на финансиски трансакции,
6. Предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за девизно работење, со Предлог на закон.
7. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за девизно работење, со Предлог на закон,
8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва со предлог на закон,
9. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за регистрирање на готовински плаќања со Предлог на закон,
10. Предлог за донесување на закон за спречување на перење на пари, со Предлог на закон,

11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија, со Предлог на закон,

12. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за сметководство, со Предлог на закон,

13. Предлог за донесување закон за Агенција на Република Македонија за управување со средства, со Предлог на закон,

14. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за акцизите, со Предлог на закон,

15. Предлог за донесување на закон за Централен регистар со Предлог на закон,

16. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за платниот промет, со Предлог на закон,

17. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за трансформација на заводот за платен промет, со Предлог на закон,

18. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, со Предлог на закон,

19. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Макеедонија со Предлог на закон,

20. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за работни односи, со Предлог на закон,

21. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за издавање и пуштање во оптек на менични бланкети со Предлог на закон,

22. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за јавни набавки, *со* Предлог на закон,

23. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за емисија на административни и судски таксени марки, со Предлог на закон,

24. Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за кредит што ќе се склучи меѓу Заводот за платен промет и ЕКСПОРТФИНАНС за реализација на проектот за имплементација на Централен депозитар на хартии од вредност, со Предлог на закон,

25. Предлог за донесување на закон за престанување на важењето на законот за финансиското работење, со Предлог на закон,

26. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон,

27. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување со Предлог на закон,

28. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за здравствено осигурување, со Предлог на закон,

29. Предлог на закон за градежно земјиште,

30. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Република Португалија, по договорот за проектот "Акциона програма за унапредување на општините и животната средина" во Штип и Велес, со Предлог на закон.

31. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за гаранција на Република Македонија по договорите за заеми по проектот ХЕЦ "Козјак" со Кинеската банка и фирмата ХАИНАН С.И.Т. Ентерпрајс Корп, со Предлог на закон,

32. Предлог за донесување на закон за овластување на организација за изработување на пригодни ковани пари со Предлог на закон,

33. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање со Предлог на закон,

34. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Градот Скопје, со Предлог на закон,

35. Предлог за донесување на Закон за снабдување со вода одведување, прочистување и спуштање на урбани отпадни води,

36. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за стапките, основиците и висината на придонесите за задолжително здравствено осигурување,

37. Предлог на одлука за стапката на придонесот за вработување,

38. Предлог на одлука за стапката на придонесот од плати за пензиското и инвалидското осигурување од 1 јули 2001 година,

39. Предлог на одлука за стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 јули 2001 година,

40. Предлог на закон за Народна Банка,

41. Предлог на закон за чек

42. Предлог на закон за меница,

43. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за слободна трговија помеѓу Република Украина и Република Македонија.

Предложенит дневен ред ќе го ставам на галсање.

Процедурално за збор се јавува Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Господине претседателе, имавме предлог, јас се јавувам бидејќи се работи за дневен ред во врска со дополнување на дневниот ред. Дали прва точка во дневниот ред да се стави она што го бараме веќе и по писмен пат и на координациите од нашиот координатор, а со оглед на информациите дека четири пратенички групи на последната координација кај вас во кабинетот договарајќи се, јас ве молам и инсистирам да го ставите на гласање, да видиме другите пратенички групи да се произнесат. Дали прва точка или последна точка на денешната седница да се постави актуелната политичко безбедносната ситуација во Република Македонија. Како што дадовме простор временски за Буџетот да се доработи, има време Владата да го доработи и до крај на последната точка, ако не сакате прва, меѓутоа, ставете го. Констатираме, по Деловник имаме право тоа да го бараме од вас, да се произнесат и другите пратенички групи. Бидејќи имате писма исто така од другите информирани сме и добивме тие писма да видиме како ќе се произнесат сите во врска со оваа точка. Незнам зошто го прерипувате нашиот координатор се обрати до вас, ве молам да го почитувате деловникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, во склад со Деловникот го поставив на гласање Предлогот да не се дополнува дневниот ред. Собранието се изјасни да не се дополнува дневниот ред. Вашиот предлог дојде како процедурална интервенција, после гласањето на Собранието.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Нашиот предлог беше пред, вашиот предлог, не му дадовте збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема никакво значење кога се јавил, Собранието гласаше по тоа прашање.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Имате и писмено ви се јави пред тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам вие да ја следите седницата. Овде се седи со тоа да се биде во тек, да следите што одлучило Собранието. Кога Собранието одлучи нема дополнување на дневиот ред.

Депласиран е вашиот предлог и неможам да го дадам на гласање.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Намерно не ми дадовте на време.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам не можам да го дадам на гласање. Исклучете го.

Исклучите го да работиме. Добро. Предложениот дневен ред.

Ајде процедурално г-динот Климовски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Едно сакам да кажам затоа што навистина досега се воздржував ама страшно манипулирате со парламентот. Ова е веќе неверователна манипулација и извинете ама, во секој момент ние можеме да поставиме прашање и вие треба да го ставите на гласање. Може нема да се усвои. Тоа едно што сакам да го кажам. И, тука ја гледам, кога можете на Владата да и дозволите на невидени материјали да гласаме, што тоа никаде го нема и имаше право г-динот Наќе Стојановски, тоа е веќе една страшн манипулација од ваша страна, од друга страна јас незнам што треба да се случи во овој парламент, дали треба да се запали парламентот па вас да ви текне да свикате по ваша иницијатива седница на парламентот. Вие тоа право го имате. Немојте да манипулирате овде сега со парламентарните групи и да усогласувате. Барем јас знам пред вас бев и знам како се закажуваат тие седници и кој има право да ги закаже тие сендици. Според тоа, и на писмено имавме од четири парламентарни групи. Ние го обновивме по трети пат тоа барање, се случија настаните каде што беше повреден овој дом за кој што вие сте одговорни директно. И не можете да побегнете од таа одговорност тоа што го претставувате овој дом. Независно кој е тука сместен во овој дом друг. Па според тоа очекував од вас, лично да го побарате итна седница и да видите што се случи со овој дом. Се повреди интегритетот на законодавната функција. Преку овој дом. И сите граѓани се повредија. Може би со право, можеби не. Ние требаше да дадеме оценка. Вие си молчите. За чек, за меница, за вакви работи, за такви работи, можеби се

е битно, но во оваа ситуација е многу побитно да видиме зошто се наруши интегритетот на овој дом и од тој аспект барам вам да ви текне, не мора да се фаќате за парламентарните групи. Да го поставите тоа прашање и еднаш да застанете зад нас пратениците, визави извршната власт и да побарате да видите што се случува. Не некој друг да побара од вас. Ве молам тоа е чиста манипулација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Климовски, вие сте можеле да свикувате седници така како што ќе ви текне. Јас работам само по деловникот. Одиме понатаму.

Процедурално се јавува г-динот Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Јас се извинувам, меѓутоа, мораме да бидеме свесни, дека народот преку нас бара седници.

Ние секој ден таму каде што се движиме сме под притисок на народот. Можеби вие, некои кругови сте з штитени. Ние не сме. Нас ни упатуваат прашања зошто не зборувате.

Вие сега тука со некои точки, кога имате мнозинство, манипулирате и не дозволувате да се дискутира за една работа за која сите се заинтересирани. Дајте да видиме кои се координаторите, кои се пратеничките групи кои не сакаат за тоа да се дискутира. Ставете го на дневен ред тоа прашање, а еве имаме тука аналитичари од СДСМ кои кажуваа за Сектор 5, Сектор 6. Ние им верувавме, а сега тие се заќутеа. Дајте да видиме што е работата. Не може само четворица или пет души во оваа држава да знаат што се случува а никој друг да не знае. И Вие тоа да го толерирате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро. Предложениот дневен ред го ставам на гласање. Молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници. 59 пратеници гласале за, тројца гласале воздржано и тројца гласале против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на првата точка од дненвио тред - Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија.

Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно и имунитетски прашања ви е поделен.

Отворам претрес по Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања.

Има збор претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања.

Тука ли е он. А отсутен е он. Добро.

Дали има примедби на извештајот Ве молам? (Нема).

Бидејќи никој друг не бара збор?

Молам кој е пријавен. А Харуни.

Чекајте сега не може тука процедурално кога е во тек.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Па во тек ама вие не давате збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот, го ставам на гласање Извештајот и Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања.

Ве молам да гласаме по Извештајот и Предлогот.

Гласале вкупно 65 пратеници.

55 пратеници гласале за, никој не гласал воздржано и никој не гласал против.

Констатирам дека Извештајот и Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања се усвоени и веќе со тоа е извршена верификација на мандатот на пратеникот Таки Фити.

На господинот Таки Фити му честитам и му посакувам успешна активност во Собранието.

Господинот Харуни Сејфедин, сака да интервенира процедурално.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас ќе бидам краток господине претседателе.

Во овој законодавен дом, прва и најдобра работа што треба да направи, е ваша демисија„ затоа што сте виновни за суспензија на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема ништо процедурално овде. Исклучите го ве молам. Одиме на втора точка.

Предлог за именување на заменик на министерот за одбрана.

Предлогот за именување на Борис Змејковски, за заменик за министер за одбрана ви е доставен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Ве потсетувам дека именувањето на заменици министри Собранието го врши со

мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Преминуваме на гласање.

Предлогот Борис Змејковски да биде именуван за заменик на министерот кој ќе раководи со Министерството за одбрана го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласаа вкупно 64 пратеници. 62 пратнеици гласале за. Никој не гласал воздржано. Двајца пратеници гласале против.

Констатирам дека Борис Змејковски, е именуван за заменик на министерот кој ќе раководи со Министерството за одбрана.

Дозволете ми од мое и Ваше име да му го честитам именувањето на заменикот на министерот за одбрана и да му посакам успешна работа.

Продолжуваме со петтата точка, бидејќи точките 3 и 4 ќе ги гледаме на крај, според договорот што го направивме на почетокот на седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Минуваме на точката 5 - Предлог за донесување по итна постапка на закон за данок на финансиски трансакции со предлог на закон.

Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор.

За збор се јави министерот за финансии, господин Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со Законот за данок на финансиски трансакции се воведува данок на сите финансиски трансакции, готовински, безготовински, на правните лица. Овој Закон, како што кажав се воведува заради ублажување на буџетскиот дефицит кој, доколку не беше овој закон, доколку не се прифати од Парламентот ќе изнесува 8,1% од бруто домашниот производ, а со неговото усвојување треба да биде околу 6,5% од бруто домашниот производ. Ова беше наметнато пред се од политичко-безбедносната ситуација во земјата. Законот е од привремен карактер и ќе трае до 31 декември оваа година. Односно, висината на стапката треба да изнесува 0,5%, а се очекува данок да донесе дополнителни средства приход во Буџетот од 2,3 милијарди денари како приход од 6 месеци. Данокот за финансиски трансакции е практика што се користи во голем број на земји: Германија, Англја, Франција, Италија, Швајцарија, Јапонија, Холандија, Шведска, Еквадор, Аргентина во Република Србија и во многу други, Бразил и т.н. Често се користи во случаеви на кризни ситуации, а по некогаш се користи и за избегнување берзански шпекулации. Некаде е воведен чисто заради едноставно постоење на тој закон, односно редовно прибирање на приходи.

Денеска овој закон го предлагаме со двојна цел, како дополнителен приход во Буџетот и како помагање на монетарната политика во насока на не многу повлекување денари од оптек со инструментите со кои што располага монетарната политика. Се изготвува правилник што веднаш по излегувањето на законот ќе биде пуштен во "Службен весник", според кој се уредуваат деталите што треба да се изготват според правилник.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? Збор има г. Благој Стојковски.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

навистина имаме многу значаен и многу битен закон што треба да се донесе по итна постапка, затоа што, сигурно дека макроекономската проекција за 2001 година нема да биде остварена, нарушена, бидејќи е нарушена безбедносно политичката состојба во земјава и сигурно дека, доколку овој закон не се донесе, ќе се јави дефицит во Буџетот. Јас разбирам потребата од донесување на овој закон. Очекував дека министерот, во своето образложение ќе даде некои по конкретни работи кои, според мене, мислам дека во овој период на еден ваков простор во кој живееме и на една ваква состојба, дека дефицитот во Буџетот и сето она што излезе од оваа состојба не ќе може да се реши само со овој фискален закон, со зафаќање на средства воглавном од стопанството што, морам да кажам, знаеме во каква состојба е, колку е продуктивно и колку е доходовно, колку создава доход за да може да учествува во овие работи. Но, свесен сум дека свесниот граѓанин последниот свој денар ќе го издели за сите овие последици што настанале од оваа безбедоносна состојба во земјава ги разрешат со што поголема солидарност на сите учесници.

Мислев дека од министерот ќе слушнев дека покрај овој закон Министерството за финансии ќе воведе и

ќе почне во овој период од шест месеци да прави навистина секој даночен обврзник да плаќа данок. Мора да бидеме јасни дека имаме многу работи кој поминуваат така и дека во ова учество мора да земат сите. За тоа, сигурно, Министерството мора во ваква состојба, според мене, да направи посебни мерки и програма за оваа работа. Мора да излезат мерки како Министерство, преку Владата, за стопирање на сивата економија, што се повеќе зазема замав, што не учествува во полнење на Буџетот, а средствата ни се и те како потребни. Мораме да имаме програма дека сите инвестиции непотребни во овој период од 6 месеци ќе бидат стопирани за да можеме оваа проблематика да ја наметнеме, да ја надминеме, меѓутоа со една програма што значи намалување на секој вид потрошувачка. Тоа не го слушнав, не го видов, сигурно дека во овие програми што мора да го следат овој закон, за навистина да учествуваме сите во надминување на оваа многу лоша состојба мора јасно да кажеме дека некои работи нам, пратеници, граѓани, бидејќи ова сепак паѓа на товар на секој граѓанин што ќе се издели, дали 0,5% или 1 %, дека некои трансакции и некои шпекулации или некои работи што се одвиваат во акцизните стоки, да не зборувам нафта, цигари и сето тоа, мора еднаш ред и мора тие да го полнат Буџетот. Јасно, врапчињата знаат што се се работи. Ние сме за овој закон сите заедно, меѓутоа на овие работи еднаш навистина да ставиме крај.

Да не го иритираме нашиот граѓанин кој се наоѓа во многу тешка состојба од безбедносната страна, некои приватизации малку да ги доведеме во една работа да не предизвикуваат иритирање на нашиот граѓанин. Тука мора да се застане, мора да се каже стоп.

Почитувајќи го сето ова, знаејќи што се во мојата околина, од изборната единица од каде доаѓам, што се случува, поднесов амандман заедно со пратеникот од Тетово и другиот пратеник од Куманово, а верувам дека и другите пратеници од Куманово, не најдов време да се видиме и да се исконсултираме, поднесов амандман дека во општина Тетово и општина Куманово, иако цела Македонија е нарушена безбедносната состојба и состојбата на работа на стопанството, на земјоделието и сето друго, меѓутоа во општините Тетово и Куманово оваа состојба е посебно тешка. Сите стопански и сите земјоделски субјекти се сопрени. Посебно беше тешко со немање скоро месец дена вода. Не може ниту еден стопански субјект, а да не зборувам за физичките лица кои во овој период направија многу, многу поголеми дополнителни трошоци за да го снабдат градот со вода за пиење граѓаните да купат минерална вода за пиење и сето она што се случуваше.

Меѓутоа, како човек сваќам, како граѓанин дека и нашето стопанство, од Куманово и сите правни и физички лица треба да учествуваат во санирање на оваа положба. Го поднесовме амандманот бидејќи состојбата во Куманово и Тетово сеуште е многу тешка, овој закон да важи после три месеци за стопанството, не со намера на локал патриот или нешто друго, туку со тоа што навистина тоа стопанство, тоа земјоделие, тој граѓанин на овие две општини имаше и сеуште има посебни издатоци во зачувување на безбедносната состојба на оваа територија.

Амандманот е поднесен само од таа причина дека навистина ќе учествува секое правно и физичко лице во овие две општини, меѓутоа бараме период од три месеци да бидат ослободени, а потоа како сите и тие од Куманово и од Тетово ќе учествуваат. Мислам дека министерот ќе има разбирање, уште подобро ги знае состојбите во овие две општини, знае какви се трошоци направивме сега за триесет дена скоро да обезбедиме вода за свои жители во Куманово. Верувам дека тешко, да не кажам пример како комуналните организации кои не се изземени, според законот треба да плаќаат, а само колку трошоци направи, банално е да кажам само за гориво, нафта за цистерните што донесоа вода на граѓаните. Меѓутоа, успеавме да имаме вода, да направиме мир, да го сочуваме достоинството на граѓаните во Куманово, а со тоа достоинството на цела наша Република.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-динот Љубисав Иванов Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:**

Господине претседателе, претходниот дискутант голем дел од тоа што сакав да го кажам, тој го кажа. Меѓутоа, кога веќе се јавив ќе кажам дека со тешко срце ќе гласам за овој закон. Ќе гласам затоа што сум свесен за тоа колку е потребно безбедносните сили на Македонија да се модернизираат и опремат. Меѓутоа, само

под услов тие средства, конкретно да се користат во таа насока.

Понатаму, мислам дека ова е голем товар на стопанството. Веројатно агресијата ќе ја издржиме како држава. На крај ќе изнајдеме некое решение. Меѓутоа, економски многу брзо ќе пропаднеме. Тоа значи вкупно оптоварување на нашите граѓани. Покрај тоа, ако навистина нашите граѓани се свесни за тоа дека ќе треба да платат големи жртви и напори што треба да ги вложат за да преживеат, тогаш овој Закон мора да го следи една програма за штедење. За тоа зборуваше претходниот мој колега и јас би рекол се од Буџетот што значи луксус, се што значи непотребно купување и вложување, што во овој момент не е потребно од Буџетот и може без тоа, треба сето тоа да се елиминира. Да се сопрат многу процеси што овозможуваат големи корупции, злоупотреби, криминал и т.н. Таквите извори на средства да се конфискуваат и насочуваа во овие насоки. Мислам дека без една таква сеопфатна програма нема да има желба кај луѓето за спроведување на вакви закони и за нови зафаќања. Гледаме дека се купуваат скапи, прескапи автомобили. Гледаме дека се купува исклучително скап мебел, богати ентериери, опрема и што не друго.

Според тоа, јас ќе гласам, но истовремено, ако е можно еден заклучок да ја задолжиме Владата да изготви програма за штедење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници, секако дека ќе гласам за законот затоа што самата опраделба на Владата да понуди еден ваков закон што популарно е наречен воен закон кажува на сериозноста во која се наоѓаме и отаму потребата на ваков начин, преку вакво дополнително зафаќање да се направи обид да се обезбедат потребни средства за намени што се предвидени согласно определбата на Владата.

Расправајќи денеска по овој закон, како пратеници очигледо сме по малку хендикепирани затоа што нормално би било, кога се нуди закон од интервентна природа, тој закон да биде придружен со предлог на ребаланс пред пратениците за да имаме пред нас права состојба на приходната страна на Буџетот, а секако и на расходната страна на Буџетот.

Слушнавме дека тоа е направено денеска, но ако беше пред неколку дена, ние денеска ќе можевме многу пококретно да се произнесеме околу целисходноста на носење на ваквиот закон и намената на средствата што се предвидени да се остварат со овој закон.

По Законот е предвидено да се остварт дополнителни 70-тина милиони марки што ќе бидат прибрани од финансиските трансакции помеѓу правните лица, а и преку финансиски трансакции кај одредени физички лица што на директен начин воспоставува дополнителна давачка од која што се предвидува да се остварат средства прогнозирани и дадени во образложението на Законот.

Реков дека ќе гласам, меѓутоа сакам и во оваа можност, за жал овој пат и по овој повод да констатирам дека она што го говоревме по тема фискална политика во изминатиот период на повеќе наврати во парламентот, а во одредени прилики се понудивме преку изготвени законски проекти да учествуваме како пратеници во креирање на фискалната политика, за жал имаме право за тоа што така говоревме и така предлагавме. Но, за жал и не се најде доволно слух дел од тие наши предлози да се прифатат за да не доаѓаме во ваква ситуација во коај сега сме доведени.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:** (Продолжение):

Од аспект на фискалната политика. Ние еден долг период во Република Македонија бевме сведоци на една забележителна кампања која што имаше за цел да ги презентира пред домашната јавност сите "успеси" кои се постигнати во оваа сфера и дека тоа е најдоброто што и се случи на Македонија и на граѓаните на Република Македонија во изминатата 2000 година, секако и во првите месеци од оваа година.

Да се потсетиме дека во една прилика овде пред пратениците и пред јавноста во Република Македонија кажавме една дефиниција која што не е ни наша не е ни моја, туку е дефиниција општо прифатена во економската теорија дека побрзиот пораст на потрошувачката во тие рамки на личната и на јавната потрошувачка, во однос на порастот на општествениот бруто производ води кон ерозија на темелите на државата и навестува една апокалиптична

перспектива. Кажав тешка дефиниција и ќе се обидам да ја објаснам таа дефиниција.

Во оние прилики кога овде во Парламентов дискутиравме за поместувањата во рамки на буџетската потрошувачка имавме пред нас еден факт дека тие акти кои што ги донесе Парламентов овозможија Владата во 2000 година да потроши 21 милијарда денари повеќе во однос на 1998 година.Тоа значи дека Владата во 2000 година имала порастегнат буџет во висина од околу 650 милиони марки. Во 2000 година потрошени се од вкупно планираните 63 милијарди денари, 57,6 милијарди денари и тоа е како што споменав за над 600 милиони марки повеќе во однос на 1998 година. Тоа е над 50% во однос на она што се трошеше во 1998 година во услови кога имавме пораст на општествениот бруто производ од 10%. Самата буџетска потрошувачка беше 30% повисока што значи 3 пати повеќе и за толку се вршеше дополнителна пресија на даночните обврзници и редистрибуција на средствата од даночните обврзници кон буџетот со нивно трошење по намени кои што ги определи Владата, а во кои што немаше ни политика на штедење ни политика на инвестирање. Иако во едно од образложенијата која што ја прати завршната сметка на буџетот е дадена констатација дека Влада во 2000 година штедеше, инвестираше по ова што го кажав со овие голи цифри се гледа дека ни едното го правеше ни другото го правеше.

Значи станува збор за експанзија на буџетска потрошувачка која што да признам во економската теорија не се препознава и не е обработена во вакви големини. Нормално е дека таквата експанзија има и дирекни последици. Самиот факт дека пресијата кон даночните обврзници е огромна, тоа значи дека имаме и нивно осиромашување, дали во делот на зафаќањата од граѓаните со порастот или во делот на додатно оптоварување на стопанството, но секако тоа значи директен атак и кај едните и кај другите на штета на даночните обврзници. Тоа самото придонесе да имаме неликвидно стопанство и да имаме пораст на внатрешниот долг кој што е над 32 милијарди денари како износ, како внатрешен долг помеѓу правните субјекти. Нужно тука станува збор и за зголемени загуби тие се 37% поголеми во однос на 1998 година и поместување на цените на основните прехранбени производи. Ако само се погледа, јас нема да зборувам за последните 2-3 месеци, но би ги потсетил колегите пратеници да погледнат дека основните прехранбени производи се поместени во цените нагоре некои за 50 некои дури и за 100%. Ако сакате тука може да го спомeнеме лебот, може да го спомeнеме шеќерот, може да го спомeнеме маслото, може да ги спомeнеме услугите дали во областа на снабдувањето на населението со електрична енергија, дали во областа на горивата, дали во областа на телефонските услуги, сето тоа укажува на еден динамичен пораст на цените на нужните продукти и услуги кои што значат секојдневие во Република Македонија.

За нас во Парламентов имаме една состојба која што би требало да ни се разјасни. Кога се предлагаше суфицитот во износи какви што се предлагаа во прилика се спомена дека еден дел од суфицитот некаде над 7 милијарди денари се за ребаланс на буџетот 2000 година, а еден друг дел од тој суфицит во износ над 4 милијарди сега се 5,4 милијарди денари се пренесуваат за буџетот во 2001 година за ликвидност и враќање на обврските спрема странство. Во овој момент ние имаме состојба надвор од тековите во Република Македонија имаме и мобилизирани 5,4 милијарди денари, за толку е помала паричната маса, за толку е извршена дополнителна стерилизација на готовите пари и за толку се влијае врз контрола на инфлацијата во Република Македонија, но за толку е и ослабната позицијата на стопанството од аспект на ликвидност, а не е зголемен кредитниот потенцијал на банките барем во текот на оваа година. Тоа се прашања кои што не се доодговорени, најверојатно кога ќе ја гледаме завршната сметка повторно ќе го отвориме ова прашање и ќе побараме информација каква е состојбата и дали таа се променувала низ текот на оваа година и со кои акти тоа е регулирано во рамките на Владата или во рамките на Министерството.

Почитувани пратеници, овде и двајца мои претходни колеги спомнаа дека ова е дополнителен товар на стопанството. Само јас да предочам дека стопанството во овој период одгодината е пред колапс. Имаме пад на физички обем на индустриско производство за повеќе од 7% имаме што е најлошо пад во 23 гранки кои што се опфаќаат со статистичките податоци, имаме пад на трговската размена, извозот паѓа за повеќе од 10% и увозот паѓа за повеќе од 20%, тоа значи дека во оваа држава на овој план треба да се преземе дополнителна активност и овие негативни текови кои што се доста забележливи во

секојдневието и кои што ја враќаат економијата назад на период од пред 10-15 години да се сопрат затоа што овие кризни моменти Македонија ќе ги надмине од аспект на воената состојба, но треба паралелно со тоа да работи и на одржување на економските капацитети кои што треба да гарантираат идна развојна компонента во Република Македонија.

Јас само сакав на овој начин да сугерирам, да напоменам, да предложам некои работи иако како што кажав на самиот почеток мојот глас за овој закон ќе биде за.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Збор има господин Петар Гошев.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Каде е претставникот на Владата по овој закон?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, да го повикате министерот за финансии нека влезе во салата да можеме да продолжиме со работа.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Добро, ќе слушне министерот не останува ништо неслушнато, се се слуша, да.

Почитувани колеги, јас мислам дека навистина се потреби пари за армијата и за полицијата. Особено се потребни пари во ова време кога се војува кога трошоците за таа ужасна работа ужасно се зголемуваат и кога се зголемуваат како дирекни трошоци потрошени средства, оружја и тн, и како индиректни трошоци оневозможувајќи го работењето на стопанството. Значи, апсолутно не е спорно дека се потребни пари за таа работа, меѓутоа се поставува прашањето од каде да се земаат пари за таа работа и неспорејќи ја потребата дека треба пари јас сакам да кажам дека под кои услови би гласал за овој закон. Значи, би гласал за овој закон ако се исполнат некои услови, некои нешта кои што се случуваат, а не смеат да се случуваат во македонската држава и се надевам дека тоа нема баш никого посебно да го навреди заради тоа што тие услови што јас ги барам, мислам дека ги бара целокупната македонска јавност. И, еве, јас под кои услови би гласал за нови давачки на стопанството и на граѓаните за потреби на државата.

Јас би гласал за ваков закон ако Владата претходно расправа за корупцијата на нејзините министри и на други јавни функционери, подготви извештај за таа работа колку пари се злоупотребуваат по тој основ и да му поднесе извештај на Собранието на Република Македонија за да видиме дали треба нови давачки или има некои можности на друг начин да се соберат пари за овие потреби за кои што сега министерот ни посочува преку овој предложен закон.

Во рамките на тој извештај би сакал да чуеме дали и колку провизија беше грабната од ОКТА од тие што ја договорија таа зделка за да се потпише некој договор кој што денеска ја брука цела Република Македонија и пред Европската заедница договор кој што го суспендираше буквално пазарот и рамноправната положба на стопанските субјекти. Би сакал во тој извештај јасно да се разјасни прецизно да се разјасни што се случи со тие 20 милиони евра или 40 милиони германски марки од продажбата на Телеком за што бевме информирани штуро, конфузно од средствата за јавно информирање, бидејќи тоа не се мали, тоа се 40 милиони германски марки, а овој закон бара 2,3 милијарди, некаде околу 70 милиони германски марки да собереме за 6 месеци.

Би сакал да се каже дали има морално право да се бараат уште пари од граѓаните ако само еден министер проневери пред извесно време или префрли на роднински сметки 11,13 или 15 милиони германски марки, а ние се разбира ќе чекаме, ќе чекаме, ќе чекаме да се утврди вистината прво партиски, а потоа преку судските органи итн, итн.

Би сакал да се каже дали и колку милиони германски марки може да се врати од парите што преку Фондот за здравство се прелеваат во приватни и партиски раце од кои сега на пример директорот на Фондот, г. Ламбе, па нивниот возач итн. купуваат банки, стануваат сопственици итн. Би сакал колку од тие пари може да се заштедат да се прекине со тие проценти, провизии за да се собере во касата да немаат толку оскудица на пари војниците и безбедносните сили, а тоа е јавна тајна, и тоа е веќе толку очигледно што никој не може да го негира, а ние сакаме да собереме уште пари во овие тешки моменти за Република Македонија.

Би сакал исто така да се провери колку пари може да се поврати од нелегалните манипулации со царината во Република Македонија кои што сите што работат со увоз и извоз знаат што се случува во Република Македонија да видиме колку од тие извори можеме да собереме во касата на државата без да се пропишуваат нови закони, давачки за да се полни Буџетот на Република Македонија. Би сакал да знам преку тој извештај кога ќе

престане да не брука Владата на Република Македонија, обединета, необединета итн., и да оди во Брисел сега да бара арбитража за да ни кажуваат што треба да се направи во врска со нафтата, со увозот итн., работа која што е толку јасна толку очигледна итн. и да одат сега во Брисел да прашуваат или во Луксембург или било каде во светот што требало да направи Владата и кога ќе одат таму да дојдат овде и да даваат различни изјави и во оваа тешка ситуација на Република Македонија да произведуваат криза на деривати во Република Македонија, работа за која што треба да одговараат, тоа е работа што треба да ја разреши Владата и не да оди таму по белиот свет да ни кажуваат што треба да правиме за тоа како ние да го средиме извозот и увозот под кои уставни и законски принципи. И, ние треба да воведуваме намети сега во државата. Тоа е тешка срамота за Република Македонија, тешка срамота, тоа е тешка неодговорност од Владата на Република Македонија, не се одговорни тие во Луксембург одговорна е оваа Влада одговорен е овој Парламент на Република Македонија.

Ќе гласам за овој закон ако г. Груевски џипот блиндиран од 300 илјади германски марки им го подари на безбедносните сили, на нив повеќе им требаат такви блиндирани џипови. Тогаш ќе гласам и покрај овие другите нешта.

Ќе гласам за овој закон ако премиерот и сите министри ги депонираат пасошите за да немаат можност после или да имаат помала можност после сите овие катастрофални ситуации во Република Македонија и кражби да избегаат од земјата. Ќе гласам тогаш за ваков закон. Не може постојано да се зголемуваат наметите на стопанството, а на ваков безобразен дрзок начин да се трошат парите од народот на Република Македонија кој што нема да преживее. Тоа не е возможно. Илјадници финансиски афери имаме во Република Македонија, илјадници неодговорности од конкретни јавни функционери, за тоа не сме способни да расправаме. Најлесно е да предложиме закон и ајде да ги зголемиме давачките на граѓаните на Република Македонија. Може некој да ме оптужи како јас немам слух денеска за потребите на армијата и безбедноста. Имам слух. Ако се направи само 10% да се вратат од овие ограбени пари, многу повеќе ќе се соберат пари од овие 2,3 милијарди денари кој што се планира преку овој закон да се соберат во Буџетот на Република Македонија. Ситуацијата е драматична, одговорноста е наша. На оваа Влада на сите тие што минуваат низ оваа Влада и на овој Парламент. Народот нема повеќе пари да плаќа, народот има право да знае како се трошат парите и со која одговорност се трошат тие пари. Тоа е централното прашање. Ако продолжи војната ќе имаме уште 100 илјади невработени, уште за толку помалку пари ќе имаме прилив во Буџетот. Па ние можеме да носиме уште закони за давачки на стопанството и на граѓаните. Нема да има од каде се земаат.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (Продолжение)

Слушаме илјадници образложенија на кој начин се станува газда на банка, на кој начин се работи со фирма на дедо, на зет, на братучед и тн. Извинете, ќе гласам за законот ако овие работи бидат направени. Се разбира оваа монолитност неможе да го попречи донесувањето на законот. Но мислам дека имаме должност на овој начин да ги разгледуваме работите, кога се работи за ставање на рацете во нечии џебови.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јавува господинот Звонко Мирчевски.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитуван господин претседателе, почитувани членови на Влада, почитувани колеги пратеници, ние се навикнавме во ова Собрание да не работиме по пет шест месеци, иако состојбите во државата ни се вакви какви што ни се, иако се даваат предлози за итни седници, иако се даваат предлози со кои на нашите безбедносни структури би им се излегло во пресрет во оваа тешка состојба, иако е сериозен закон кој со душа го чекаат припадниците на безбедносните сили кои се на браникот на татковината, кој се однесува за материјално обезбедување на припадниците на безбедносните структури и на нивните семејства кои ги дадоа животите за нашата земја.

Сега еден куп закони од сферата на финансиите, вклучувајќи ги тука, изменување и дополнување на Буџетот, како и за неговото извршување, Законот за финансиски трансакции и тн.

Ако добро не служи памтењето, во минатата година, во ова време овде премиерот излезе и кажа дека Буџетот е преполн со пари, дека имаме суфицит од 200 и повеќе милиони марки и дека има слатки маки како да се делат тие средства и дека тоа ќе биде подарок за народот, се очекуваа некои олеснувања, намалување на даноци, намалување на акцизи итн. Таква беше програмата и во 1998 година, дека ќе се

намали буџетската потрошувачка. А, ние, Буџетот што го донесовме за 2001 година, имаше 40 милиони марки кои беа предвидени за луксуз, само за патни и дневни трошоци на членовите на Владата. И ако земете предвид дека од Владата патуваат не повеќе од 100 души, тогаш можете да замислите колкави средства се тие. Кога се расправаше за буџетот, што со неколку месеци задоцнување се најде овде пред овој Парламент ние кажавме дека тие 45 милиони марки, јас ги земав стенографските белешки кога на прес конференција тогаш кажавме дека тие средства, 45 милиони марки за патни и дневни трошоци за Владата и министерствата се поголеми од вкупно сите патни и дневни трошоци што се прават во стопанството на Република Македонија и тие се доволни за нови 6.000 вработувања. Имаше една стапка каде преку 200 милиони марки беа предвидени за освежување на возниот парк во министерствата. Исто така, и за реновирање, за мебел итн. Во услови кога стопанството ни е замрено заради добро познатата состојба, сега уште ли треба да го оптоваруваме нашето стопанство?

Нашата пратеничка група по сопствено убедување секој пратеник ќе има можност да се изјасни по овој закон, но јас мислам дека, кога треба од народот да се собираат пари, тогаш законите одат по итна постапка, а кога треба припадниците на безбедносните структури да се обезбедат со средства кои се потребни за излегување од оваа состојба, тогаш се доцни. Навистина, после дискусиите на неколку дискутанти пред мене не би имал што многу да филозофирам околу оваа проблематика. Навистина бараме поголеми објаснувања. Не може од една страна да се купуваат фирми и претпријатија, а од друга страна да се каже дека е тешка материјалната состојба и дека треба се тоа народот да го плати со воведување на нови даноци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на господинот Мирчевски.

За збор се јави господино Чедо Петров.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер, со оглед на тоа што на дневен ред ја имаме точката 5, донесување на Закон за данок на финансиски трансакации, непопуларна мерка непопуларен закон, закон кој во исклучително тешки услови треба денес да го донесеме. Меѓутоа, мислам дека овој предлог односно закон нашата партија, Нова демократија ќе го поддржи, со оглед на тоа што и покрај тоа што знаеме што значи, за и онака изнемоштеното стопанство. Имено стопанството на Република Македонија се наоѓа во исклучително тешка состојба што по завршувањето на воените дејствија во Република Македонија мислам дека ќе ни биде најголемиот проблем со кој ќе се судриме. Нарушената ликвидност на стопанските субјекти во Република Македонија, отежнатото снабдување со репроматеријали и резервни делови исто така, доведени во состојба да многу голем дел од фирмите напуштаат работна рака доведени во состојба да добар дел од стопанството веќе и од оние загубари ќе се ликвидираат, навистина претставува тешко за стопанството на Република Македонија. Меѓутоа, со оглед дека имаме најразлични тези и од претходните говорници дека зафаќањето за буџетот, полнењето на буџетот и целосниот проект на буџетот требаше да го погледаме, тоа е така. Меѓутоа мислам дека овој, ефектите кои што се планираат од 70 милиони марки се значајни во овој момент за Република Македонија. Ефектите од планираните средства од 70 милиони германски марки можеме да ги сметаме дека ќе се реализираат доколку навистина имаме финансиска дисциплина како во собирањето на овие средства, меѓутоа и при нивното трошење. Еднаш треба да се стави стоп на сивата економија која што сива економија е главниот финансиер на сегашната војна. Западна Македонија, добар дел од Западна Македонија и во најголем дел од претпријатијата не плаќаат ни основните давачки во Република Македониза. Дисциплинирањето на сите стопански субјекти ќе допринесе и за нивно поцелисходно собирање и да ги почуствуваме ефектите од овие собрани средства.

Уште еднаш ќе го кажам ставот на Нова демократија, ќе го поддржиме овој закон, иако на оваа тема може да се тера доста политички поени, да се критикува, меѓутоа мислам дека денешната седница после долго време треба да ја искористиме за рационално функционирање во Парламентот и донесување на овој закон со што ќе се овозможи надминување на финансиските проблеми со кои што се судира Министерството за финансии односно

Буџетот на Република Македонија. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. За збор се јави господин Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас би предложил да се размисли во врска со овој закон да се одложи расправата се до моментот додека дојде на расправа ребалансот на Буџетот за 2001 година, кој е во тек и кој е утврден на дневниот ред на оваа седница од следните причини:

Објективно гледано поединечно тој закон ваков каков се предлага, длабоко сум убеден во овој момент кога немам сознанија, што владата предвидува во врска со проекцијата на ребалансот на Буџетот, во врска со настанатите нови фактички состојби во Република Македонија, во приходниот, расходниот и потребите на државните функции на Републиката до крајот на 2001 година, ваквиот предлог изгледа контра продуктивен, самиот за себе. Наместо да обезбеди дополнителни средства за ефикасно функционирање и евентуално обезбедување на поголема безбедност и стабилност на Републиката, можи длабоко сум убеден да го продлабочи јазот на дестабилизација на стопанските субјекти во Република Македонија и на физичките лица во Република Македонија, со обзир дека нивниот капацитет финансиски и можностите во вака новонастанатите услови се крајно исцрпени.

Овој закон на некој начин би требало да биде пропратен со многу можности на страната на расходниот дел на Буџетот и пренаменување на средствата од Буџетот за 2001 година, на начин на кој го проектиравме во почетокот на оваа година, кога, морам да кажам, проекци за условите во РМ беа сосема поинакви. Ако е дојдено и тргнато од оценката дека нужно ни е потребно ваква економска мерка за дополнително зафаќање на квантифицираната бројка што овде ја изнесоа некои дискутанти од околу 10 милиони ДМ, со оглед на тоа што се предвидува законот да трае од 1 јули оваа година до 31 декември 2001 година, тогаш прво можностите треба да се бараат на расходниот дел, од страна на досегашната проекција на Буџетот на Република Македонија и пренасочување на ставките во приоритетните потреби за државата Република Македонија. Тоа е првото прашање.

Второто прашање, мислам дека граѓаните на РМ правилно и дополнително ќе го олеснат и тој дополнителен товар што ние овде како законодавен дом ќе го направиме со овој проектен план и со други потребни проекти што ќе следат во иднина. Ако на еден јасен и транспарентен начин кажеме дека целокупната потрошувачка која во нормални услови ја проектиравме за првите шест месеци од оваа година на некој начин поддеднакво ја рестриктираме на сите субјекти, корисници на Буџетот во РМ. Ако тоа го направиме на јасен начин и ги опфатиме сите субјекти, корисници на Буџетот на РМ за тој комотниот дел за кој мислевме дека 2001 година е една перспективна година за РМ која требаше да ги отвори новите можности, за жал тие се стеснуваа со најновата ситуација, тогаш ќе бидеме со чиста совест и ќе бидеме прифатени од граѓаните и другите субјекти и правни лица во Република Македонија. На ваков поединечен, палијативен начин предлагаме една економска мерка, нема да наиде на дополнително разбирање, а надвор од тоа ниту до крај овде пратениците можат во овој законодавен дом, по мое длабоко убедување, да бидат со чиста совест дали да кренат рака за едно вакво оптоварување, без претходно да се испитаат можностите во ребалансот на Буџетот. Од тие причини јас го предлагам тој можен начин на излез од оваа ситуација и оваа расправа по законот да ја прекинеме сега, а паралелно да продискутираме, со претходните можности што ќе ги понуди Владата со ребалансот на буџетот за 2001 година, за наредните 6 месеци, согласно новонастанатата фактичка ситуација.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, ние како пратеничка група го поддржуваме предлогот на господинот Наќе Стојановски и сметаме, во услови кога го сеуште немаме конечниот предлог на ребалансот на Буџетот за оваа година, а очекуваме да добиеме материјали кои ќе ни го дадат увидот во комплетниот проект на Владата, не е целисходно сега да се разговара за законот за воениот буџет, бидејќи се додека не го видиме Буџетот и проектите кои се во него, ние неможеме да оцениме колкаво треба да биде дополнителното зафаќање од стопанските субјекти кои би требало да понесат толку колку што е проекцијата на министерот за финансии во Буџетот.

Цениме дека треба да прекине расправата и откако ќе го разгледаме Буџетот, да се вратиме на ова прашање.

Мислиме дека има многу резерви во Буџетот кои се неискористени, мислиме дека има стапки кои се ненаменски, кои претставуваат недомаќинско трошење и поради тоа мислиме дека и ова зафаќање додека не го видиме целокупниот Буџет, мислам ребалансот, неможеме целисходно и одговорно да гласаме по овој предлог. Поради тоа ние би побарале по оваа точка расправата да продолжи откако ќе го добиеме конкретниот ребаланс на Буџетот.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас немав намера да се јавам во општиот дел во расправата по овој закон, бидејќи имам лично убедување дека треба да се гласа овој закон во една ваква безбедносно политичка ситуација во РМ.

Имам поднесено еден амандман и мислев дека треба да се јавам во текот на амандманската расправа. Меѓутоа, бев инспириран од претходните настапи од некои мои колеги пратеници, пред се од последниот, Ненад Ристевски и од Наќе Стојановски, бидејќи го држам истиот став дека овој закон требаше, и онака ги имаме оние други буџетски закони, во пакет, денес, да ги разгледуваме еден по друг, или заедно како една целина, бидејќи се неодвоиви еден од друг. Кога го говорам ова мислам, пред се, и на приходната страна на Буџетот кога ќе го разгледуваме ребалансот на Буџетот, па и на расходната, може да се најдат доволно резерви да се покрие оваа бројка, бидејќи финансискиот ефект во носење на еден ваков, таканаречен воен данок се состои од една, две милијарди, или некаде околу 70 милиони марки до крај на оваа фискална година т.е. до конечната дата на примена на овој предлог закон што денес го усвојуваме.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:** (продолжение)

За тоа би сакал да дадам неколку аргументи господине министер, за да ве убедам дека без овој закон, оваа цифра што е толку неопходна за потребите на безбедносните структури во Република Македонија, Вие имате битни резерви и на приходната и на расходната страна. Затоа, ако го разгледувавме во пакет заедно со ребалансот на Буџетот, можевме како текст воопшто да не го предложиме или да го тргнеме од расправата, бидејќи цифрата од 70 милиони марки до крајот на годината многу лесно се обезбедува со една исцрпна анализа на она што претставува преостанат дел за трошење во расходниот дел од буџетот, како и да посочиме некои битни моменти каде можат да се соберат овие пари до крај на фискалната година, а повторно да нема битно зафаќање од 1% или 0,5% од целокупното стопанство во Република Македонија.

На пример, во говорот на г. Гошев околу најголемата корупциска афера на овие простори, продажбата на Рафинеријата Окта, беше спомнато. Сакам да го потенцирам следното:

Управниот Одбор на Макпетрол издаде соопштение дека, доколку се дозволи увоз на нафтени деривати, што е во согласност со потпишаната Спогодба со ЕУ, до крајот на оваа фискална година, само по основ наплата на акцизи во Буџетот на РМ би се слејале цели 18 милиони долари или 36 милиони марки, што претставува само со една трансакција, само со една фирма фактички обезбедување на 50% од планираниот приход.

Вие, како власт, заробени во канџите на корупцијата, не можете и натаму да се оттргнете од оние дадени писмени гаранции на Рафинеријата Окта и натаму барате толкувања од страна на советниците на ЕУ, како што истакна г. Гошев кога двајцата министри даваат две тотално спротивни, дијаметрално спротивни изјави. Едниот вели дека не може повеќе да се увезува, другиот вели дека може и натаму да се увезува. Значи, секој постапува од сопствен агол на гледање на работите, а вистината е едно. Не може да има две вистини. Вистината е една. Не може две толкувања на тој член од Спогодбата за економска соработка со ЕУ.

Од друга страна вие избегнувате само од една фирма да наплатите 18 милиони долари по основ на акциза, а од друга страна сведоци сме на намерно или ненамерно предизвикување на енергетска криза веќе три дена во државава.

Второ, ако се погледнат битните моменти за наплата на приходите, убеден сум дека на приходната страна на буџетот имате многу, многу уште поголеми резерви, доколку навистина и покрај оваа сериозна безбедносно политичка ситуација во која живееме вашите министри се однесуваат како да се на седмо небо. Си летаат со умот како што си летаа три години и цела нација ја доведоа во ова дереџе на кое сме денеска. Зошто го говорам ова?

Имаме драстичен пад на наплата скоро на сите стапки на приходната страна и сето тоа се правда со актуелната криза, а никако да се признае пред

јавноста дека и натаму, оние стари навики на "дај ми - на ти" на камиони по границите на стари навики "ти си од оваа партија ќе ти простиме наплата на даноци, од другите ќеземеме под присила итн." се уште таа стара практика се тера, мислејќи дека сега сме сите едно те исто, има претставници од сите парламентарни партии во Владата и дека тоа треба да се аминува.

Значи, ако само од една фирма избегнувате наплата на данок од 35 мил. марки што претставува 50% од вкупно планираните средства по овој закон, јас не знам како се осудувате да воведувате нови давачки бидејќи тоа е најлесно и дека дисперзијата на таа давачка се однесува на сите граѓани на Република Македонија што многу полесно би се поднело.

Од друга страна, г. министре, ние не сме сведоци овие денови да вие овие денови имаше нешто во дневниот печат, прочитавме, да имавте направено неисцрпна елаборација на расходната страна, што другите сектори освен Секторот за одбрана и МВР, за чии цели се носи овој закон, што другите сектори барем ако не многу совесно, со многу високи патриотски дострели на размислување, што колегијално би се откажале во корист на овие две министерства, на нивните двајца колеги, во нивни однос, на некој начин во еден континуитет многу подобро да ги финансираат потребите за одбрана на државата.

Слушаме нешто дека Министерството за култура отстапило 3% од своите расходи за тековната година, другите сектори по два до три посто, меѓутоа, денеска како пратеници немаме еден таков материјал да расправаме, да можеме да ги најдеме тие резерви во другите сектори, колку се тие, во која висина. Доколку навистина се задоволат со стегање на каишот во другите сектори додатно уште 35 мил., бидејќи од едно место ги најдовме, немаме потреба да воведуваме т.н. двоен данок, затоа што и онака го земаме од исцрпеното стопанство, а мора да признаеме дека во една ваква безбедносна политичка ситуација се судира со многу поголеми проблеми отколку што беше пред 3-4 месеци.

Затоа, барем денеска требаше да се види таа програма и да кажеме дека резервите од другите сектори се со толкав износ, да изведеме чиста математика па да знаеме дека треба да зафаќаме од сите по 1 % или 0,5% или да ги намалиме тие 0,5 на 0,25%.

Да се навратам точно на амандманот што го поднесувам, кој децидно гласи дека...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога ќе дојдеме на амандманската расправа.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Само да спомнам, тоа е во контекс на мојата дискусија, дека треба да понесете и друга програма а тоа е програмата како ќе ги потрошите овие пари.

Во образложението на Законот велите дека овие пари се наменски, поради нарушената безбедносно-политичка ситуација во државата и потенцирате, насочувате дека истите ќе се трошат наменски за одбрана, односно во двата ресори Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи. Но и тука не гледаме никаква програма, како ја дал Господ оваа Влада, навистина немаме никакви причини да се кладиме на вас дека така ќе ги потрошите овие пари.

За да се избегне таа злоупотреба, а истовремено да не се кочи донесувањето на овој закон, доколку не се согласите со предлозите на Ристевски и Наќе Стојановски да се разгледува заедно во пакет со ребалансот на Буџетот, би требало да се прифати овој амандман што го предлагам јас, Владата дополнително да донесе програма во која програма ќе учествуваат сите ресорни министерства на седница на Влада и на некој начин би се конкретизирале приоритетите на трошење на овие средства.

За сега толку. Ако имаме некое недоразбирање околу амандманската расправа би бил подготвен да појаснам некои работи. Мислам дека е најцелисходно да заклучам со мојата дискусија и на некој начин денешнава распрва да се одложи па ако стасаме ноќеска да расправаме по ребалансот на Буџетот, во пакет да го разгледаме и овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Горанчо Трајков поднесе амандман на член 4 став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Илоски поднесе амандман за додавање нов наслов, нов

член 9-а, по членот 9 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Благоја Стојковски, Борислав Трповски и Драган Митевски, поднесоа амандман на членот 15, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2, поднесен од пратеникот Горанчо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Аманманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов наслов и нов член 9-а по членот 9 поднесен од пратеникот Илија Илоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Ненад Ристевски.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Господине претседателе, ние како пратеничка група имавме конкретен предлог продолжувањето на расправата по овој закон и гласањето за истиот да биде по завршувањето на расправата за ребалансот на Буџетот од причини што ги наведовте. Гледам дека тоа не се стави на гласање. Би требало прво тоа да се стави, да не ги повторувам причините, сепак предлогот беше легитимен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Знаете како отворен е претрес и ние продолжуваме се додека не побара предлагачот на материјалот. Тој добро ислуша дека вие предлагате и за тоа не реагира за таа работа и си останува. Не се става тоа. Тоа во општиот претрес што е речено воопшто не се гласа за него. Се гласа само амандмански.

Молам, да се разбереме, седницата мора да тече по Деловникот, не може поинаку. Да одиме понатаму.

Збор има г. Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Господине министре, јас не знам од кој причини не се прифаќа амандманот и ова се граничи со законите на парадоксалната логика, ако навистина имате намера да го одбиете. Инаку, вие самите во поднесениот амандман, каде што велите причини поради кои се донесува законот, вели - поради потребата од итно решавање на останатите проблеми и надминување на проблемот со буџетскиот дефицит, предлагаме законот да се донесе под итна постапка. Натаму алудирате дека тие фискални дефицити се во текот на оваа година се поради нарушената политичка состојба во државата. Од тие причини јас само предлагам да се истото тоа стави во член од законот каде што се вели после челенот 9-а да се стави наслов Користење на данокот и во тој член 9-а да пишува - Средствата собрани по овој основ на законот ќе се користат исклучиво за потреби на одбраната на земјата врз основа на програма што ја донесува Владата на Република Македнија.

Значи јасно даваме мандат на Владата. Не велам Илија Илоски ќе ја донесе таа програма. Во таа програма нека ни каже дека 70 илјади марки ќе потрошат децидно за тие два сектори МВР и МО во функција на одбрана и заштита на земјата. Инаку, како ја дал Господ Владата, морам да пофторам, повторно не се кладам дека вака ќе се потрошат средствата. Повторно ќе имаме блиндирани џипови по 200-300 и незнам колку илјади марки. Не гледам причина зошто не се донесе накнадно една програма. Програма што би се елаборирала од целиот состав на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само да напомнам, Владата веројатно нема да прави програми на министерствата, туку во министерствата програми да имаат.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Министерот овде ја претставува Владата а не министерството.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Господине Илоски, амандманот не го прифаќам не заради тоа што средствата нема да се користат за одбрана и безбедност на Земјата, туку затоа што е невообичаено во закон да стои кој данок и за која дејност ќе биде користен. Тоа е исто како да напишеме дека ДДВ ќе го користиме за култура, за земјоделие и финансии, овој ќе го користиме за одбрана на земјата, а незнам кој друг данок ќе го користиме за други цели. Добро знаете дека вакво нешто е невообичаено, но и многу добро знаете дека данокот треба да покрие дел од буџетскиот дефицит. Многу добро знаеме од што е предизвикан буџетскиот дефицит.

Предизвикан е од зголемените трошоци за безбедноста на земјата и намалените приходи заради актуелната ситуација. Повеќе заради првото а помалку заради второто, но тоа е причината. Како сега да ги обоиме парите во Буџетот овие ќе бидат за ова, оние ќе бидат за она. Невозможна работа. Од таков аспект одбива. Инаку, ја разбирам вашата идеа. Програмата на Владата за трошење на средствата е ребалансот. Кога ќе дојде ребалансот ќе видите колку се зголемени средствата за безбедност и одбрана и ќе видите дека се зголемени многу повеќе отколку овие 2,3 милијарди. Мислам дека тоа е доволно. Не може сега Министерството за одбрана да излезе и да каже колку пушки купиле во овие месеци или колку борбени возила купиле. Не сум слушнал некој данок да се определи, овој данок ќе биде само за тоа. Затоа го воведуваме данокот. Како можеме да кажеме дека тој данок е заради тоа. Парите во буџетот немаат боја. Тоа е суштината на одбивањето на амандманот. Инаку, се согласувам со вас и сто пати го кажавме тоа и во јавноста дека данокот го воведуваме заради сегашните состојби затоа е ограничен од 1 јули до 31 декември. Веруваме дека овој период ќе биде доволен и дека после ќе немаат такви потреби.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Илија Илоски има збор.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Само една кратка реплика. Господин министре, јас знам дека е невообичаено тоа што кажувате, бидејќи имам искуство со буџетот. Меѓутоа, мора да признаете дека во оваа држава прилично работи се не вообичаени. А, доколку Парламентот го изгласа овој амандман, тој 6и станал вообичаен и утре би се практицирал. Затоа беше и користен предлогот на Наќе Стојановски и Ненад Ристевски, овој закон да се разгледува во пакет со ребалансот на Буџетот, што на крај и самиот министер го призна. Но, го форсира сепак сега да се гласа или да не се гласа овој закон.

Меѓутоа, не може тој да ни кажува дека е тоа вообичаено или среде фискална година да се наметнува нова фискална давачка без да се види како тоа ќе биде во сите макро-економски предвидувања за оваа фискална година. Знаеме дека воопшто, ситуацијата во Република Македонија е невообичаена. Затоа инсистираме овој амандман да се усвои.

Од друга стана, ако пратениците добро го погледаат Предлог на законот за извршување на Буџет, тогаш ни дава за право една ваква програма, бидејќи со тој закон министерот за финансии ги зема ингеренциите што по сегашниот закон не му припаѓаат, директно да ги троши парите во приливот на Буџетот без консултација со ресорните министерства.

Значи, амандманот не е предложен така едноставно само да се расправаме. Затоа не гледам никаква причина Владата да не каже дека буџетскиот дефицит од 70 мил. марки, во ред, консттираме, 1% од овие извори на се, 05% на државните трансакции до крајот на фискалната година, меѓутоа би се употребиле за тие и тие намени. Никој не ги бара колку пушки или сл. се купени. Тоа да биде усогласено со сите министерства во Владата на РМ, а не да оди во куп.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има министерот за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Утврдениот буџетски дефицит, доколку се донесе овој закон изнесува околу 15,6 мил. денари. Расходите што се направени и што треба да се направат оваа година по однос на одбраната и безбедноста, екстра, не од оние што биле во нивните буџети, екстра расход, ќе видите дека се неколку пати поголеми од висината на предвидените средства што се собираат од овој данок.

Така што повеќе од јасно е дека средствата од овој данок ќе се користат за одбранбени цели. И, незнам, ајде да донесеме таков член, како ќе го докажеме. Едноставно, парите во буџетот се еднакви. Јас веднаш можам да ви одговорам дека тие 2,5 милијарди паѓаат во некој таму 10 милијарди, сега карикирам, во 10 милијарди што се за националната безбедност и никој не може да докаже дека не е така.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:** (Продолжение)

Тоа се недокажливи работи, бараме нешто да внесеме во законот што го нема во ниеден закон. Значи, од технички аспект е неизводливо таа работа што ја кажувате. Инаку, ќе се уверите сега следната недела, во понеделник-вторник ќе го имаме на разгледување ребалансот, ќе се уверите какви се трошоците за безбедноста и сами ќе кажете дека повеќе од јасно е тие пари за што ќе се користат. Не е работата само политички поени кај граѓаните да собираме тука, да покажеме колку се грижиме за

парите во Буџетот, излегува дека ние другите не се грижиме, само вие се грижите.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господине претседателе, во однос на расправата по амандманот поднесен од господинот Илија Илоски навистина е несватливо инсистирањето за докажување на средствата каде ќе бидат употребени. Многу е јасно дека потрошувачката во воени услови ќе биде далеку поголема од 70 милиони германски марки. Меѓутоа докажувањето незнам по која работа, книговодствено можеме да докажеме кога знаеме однапред дека таа бројка и по искажувањата на господинот министер ќе биде неколку пати поголема од оваа и неможам да го разберам господинот Илија Илоски која Влада ја критикува, неговата или која.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Да му одговорам на прашањето на господинот Чедо Петров, кој овде се однесува како адвокат на министерот, дека јас ја критикувам Владата на Република Македонија. Ни мојата ни неговата туку Владата на РМ и имам полно право како пратеник, имам мандат за тоа, да ја критикувам или да ја фалам Владата, тоа право ми го дал народот, а не Чедо Петров.

Второ, предлагам господине претседателе, бидејќи не го повлекувам амандманот, да го ставите на гласање. Ако помине помине, ако не помине тогаш вечерва, утре или во понеделник како што кажа министерот за иста цел јас би интервенирал во ребалансот на Буџетот и тоа со конкретни бројки. Со иста ваква цел би интервенирал во ребалансот на Буџетот со конкретни бројки каде што таа ставка би рекол да оди на таа ставка и тоа ќе го направиме поинаку со амандманот. Затоа беше добро во пакет да се гледа овој закон, меѓутоа, така се почна и така нека се заврши.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Неможам да го ставам на гласање амандманот додека трае расправата.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господинот Илија Илоски добро знае дека и ние останатите пратеници кои не сме подносители на тој амандман или не го поддржуваме тој амандман имаме право по истиот да се произнесеме. Тоа значи јас изрично сум против ова и не ми е јасна намерата на поднесување на еден ваков амандман. Меѓутоа, со ваквите реакции на одредени пратеници и по наши укажувања неколку пати од страна на Нова демократија дека Владата на широка коалиција навистина треба да седне и да поразговара што предлага и што донесува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Се работи за амднманот на пратеникот Илија Илоски. Ве молам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, од кои 21 за, 3 воздржани и 35 против.

Меѓутоа, ова гласање не важи ако во салата не се присутни 61 пратеник.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(По пребројувањето од страна на службите на присутните пратеници).

Може некој пратеник не гласал. Според тоа во салата се присутни 61 пратеник и двајца не гласале.

Според тоа, резултатот од гласањето е следниот: 21 пратеник гласал за, 3 воздржано и 35 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов наслов и нов член 9-а по членот 9, поднесен од пратеникот Илија Илоски.

Отворам претрес по амандманот на член 15, поднесен од пратениците Благој Стојковски, Борислав Трповски и Драган Митевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа затоа што е невообичаено градови да се исклучуваат од плаќање на некој данок, без разлика што тие беа во поголема криза од останатите, во изминатиот период, особено што тоа ќе биде голема дупка за одбегнување на плаќање на данокот, сите ќе одат преку Куманово и преку Тетово и ќе вршат уплати, така што такво нешто не би смееле да си дозволиме во системот.

**БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ:**

Господине претседателе, господине министре, почитувани колеги пратеници, како што беше истакнато, воведувањето на овој нов данок значи дополнително оптоварување на стопанските субјекти, кога стопанството се наоѓа во рецесија, посебно заради нарушената безбедносна и политичка состојба во РМ. Овде посебно во тешка состојба се наоѓаат стопанските

субјекти од кризните подрачја како што се Тетово и Куманово. Сведоци сме дека во овие подрачја многу стопански субјекти не работат или работат со намален обем. Многу зделки се откажани или пак склучувањето на нови оди со многу тешкотии и неизвесности. Значително се зголемени трошоците, а од друга страна драстично е намален прометот. Штетите се евидентни, зашто се информирани надлежните министерства, меѓу кои и Министерството за финансии, каде што бараат да се дадат соодветни штети во врска со нарушената политичко безбедносна состојба.

Од тие причини е предложен овој амандман, со кој на некој начин треба да им се помогне на стопанските субјекти од подрачјето на Тетово и Куманово, во кои во најголем дел дојде до нарушување на безбедносно-политичката состојба. Со овој амандман се предлага данокот за финансиски трансакции за даночните обврзници од овие подрачја, значи од Тетово и Куманово да важи од 1.10 до 31.12.2001 година. Со ова само да се скрати еден одреден период и на некој начин да им се помогне на овие субјекти од овие подрачја. Мислам дека треба да има разбирање и министерот, а се надевам и почитуваните колеги пратеници во Собранието.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министер, да бидеме начисто и на јасно. Со овој амандман не предлагаме физичките и правните лица од Куманово и Тетово да не плаќаат данок од 0,5%. Поради состојбата која е во Куманово и Тетово, која сите добро ја знаеме, ние предлагаме плаќањето на овој данок да биде од 1 октомври или три месеци правните и физичките субјекти во општината Куманово и Тетово да бидат ослободени, бидејќи во овој период од неколку месеци овие правни и физички лица имаа посебни издатоци и трошоци и посебно влошена безбедносна состојба. Законот го донесуваме поради тоа што се нарушени основите за макроекономската политика на Буџетот, а тие основи се нарушени од безбедносната состојба која владее. Оваа безбедносна состојба, мора да се согласиме сите дека не е иста во сите градови, не сакам да кажувам посебно градови и општини, меѓутоа, мораме да се согласиме дека не е иста. Мораме да се согласиме дека состојбата не е иста во некои делови од Македонија и во овие два града, Тетово и Куманово. Не бараме целосно ослободување, туку бараме барем овие можности што се пружаат на ова стопанство, на правно физичките лица да имаат едно заздравување од причина што тој терен каде што се одвиваат овие дејствија, терен во кој паѓаат гранати и во "Искра" и во "Шамни цеви" и во "Кожара", тој терен е под наводнување кој не се наводнува сега. Земјоделското производство во оваа година ќе биде катастрофално и уште треба да ги оптовариме тие луѓе. Дали овој закон треба да биде подеднаков за сите граѓани, дали граѓанинот од Куманово кој немаше еден месец вода за пиење и било каква вода е во иста состојба со другите граѓани. Дали имавме додатни трошоци. Ако бевме на таа основа да кажеме да ги ослободиме овие два града, верувам дека не беше пред и требаше амандманот да биде одбиен. Меѓутоа, амандманот се однесува само за овие три месеци. Дај Боже ова да заврши што поскоро. А ако не заврши? Дали треба навистина да размислиме малку посериозно и овој амандман не се предлага од никакви маркетиншки или други причини. Верувам дека сите пратеници и од Тетово и од Куманово, ако се видовме порано, ќе го потпишеа амандманот.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, без намера да ја одолговлекувам расправата по овој амандман, ние овде пратениците од Куманово јас, Томислав Стојановски и Филип Петровски се придружуваме кон амандманот поднесен од колегата Благој Стојковски, без да ги кажуваме сега аргументите. Секако дека постојат многу аргументи со кои се образложува овој амандман и тие аргументи би требало да бидат прифатени од останатиот дел од пратеничките групи.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа, бидејќи и јас сум пратеник од Куманово, го поддржуваме овој амандман и би апелирал до сите пратеници да го прифатат, бидејќи сите наоди од образложението на амандманот се вистинити, состојбата е критична, особено она што се вели за водоснабдувањето на градот. Мислам дека треба да се цени фактот дека зад овој амандман застанаа сите политички партии од градот од каде што потекнуваме и би апелирал да се прифати.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Бидејќи на некој начин се создава лоби, јас сум најцелесообразно да го решиме прашањето, со тоа што ќе го одбиеме амандманот и ќе го прифатиме

предлогот на министерот. Посебно ние од Битола сме против овој амандман.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Само колку да се потсетиме, сега мина 17 часот. Ние имаме повеќе од 40 точки на дневниот ред, кои се битни за финансиите во Република Македонија, не само за министерот за финансии туку и за ред други структури. Неможам да сфатам зошто сме толку троми во постапките.

Пред да почне седницата вам ви се обратив и прашав дали ќе имаме гарантиран гладок тек. Јас тоа сега не го гледам. Не сакам да кажувам каков беше нашиот одговор, но ако ние сме веќе во предизборието, тоа не значи дека мораме целосно да ги запоставиме интересите на државата. Јас лично сочувствувам со сите жители на кумановскиот крај, на општините Куманово, Тетово и другите локации зафатени од овие воени дејствија, но мислам дека ова не е начинот за нив да се даде лекот.

Вашиот амандман нема да го поддржам. Има начин државата, посебно Министерството за финансии да им помогне на субјектите од стопанството посебно а и од услужните дејности во таквите региони, но тоа не мора да биде следено со ваков амандман, уште помалку со вакви расправи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од кои 25 за, 5 воздржано и 4 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 15, поднесен од пратениците Благој Стојковски, Борислав Трповски и Драган Митевски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, *то* заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, од кои 60 за, 1 воздржано и 5 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за данок на финансиски трансакции.

Преминуваме на шестата точка - Предлог за донесуваше на закон за изменување и дополнување на Законот за девизно работење, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот ви е доставен, односно поделен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнуваше на Законот за девизно работење. Ве молам да гласаме.

(Господинот Никола Груевски интервенира, на што претседателот Стојан Андов вели "да прекинеме со гласањето").

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

По овој закон има еден амандман кој сега треба да се подели. Би замолил да го поминеме, да одиме на следниот, бидејќи тој амандман е важен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега не гласаме сеуште за законот. Сега треба да гласаме за заклучокот, па после ќе преминеме на предлогот. Ве молам да гласаме.

Гласале само 57 пратеници. Дајте да го повториме гласањето.

Гласаме за заклучокот кој гласи: "Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за девизно работење".

Гласале 64 пратеници, од кои 62 за, два воздржано и нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот. Ве молам да гласаме.

Гласаа 63 пратеници. 60 пратеници гласаа "за", 3 пратеници гласаа "воздржано". Никој не гласаше против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот. Молам, кој бара збор.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господине претседателе, дали ние овде сега свесно работиме, сите што сме овде во Собранието сега. Од 120 пратеници, колку има пратеници од националностите. За кого ги носиме овие

закони. Дали овде во салата освен мене има присутен некој друг од националностите. Така ли ќе работиме и закони ќе носиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратениците, без оглед кој од каква националност е, по Уставот ги претставуваат граѓаните и одговараат пред граѓаните, а одлучуваат по своја совест. Ниедна пратеничка група не најавила отсуство и не побарала одлагање. Затоа ќе си продолжиме да работиме сосема нормално. Дали некој друг бара збор.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Ние на координација се договоривме дека сите пратенички групи овде ќе учествуваме во расправата. Што се случува сега, зошто ги нема?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро. Дали уште некој друг бара збор. Никој.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Министерот најавува амандман.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Сакам да кажам дека се работи за важен амандман. Наместо 1 октомври, овој закон да стапи во сила на 1 јануари, бидејќи по се изгледа до 1 октомври работите нема да се завршат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние сега ќе го сочекаме амандманот, а во меѓувреме, додека се подготви амандманот, ние ќе поминеме на следната точка.

Минуваме на точката 7 од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за девизно работење, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок: „Собранието го усвојува предлогот за донесување на Законот за изменување на Законот за девизно работење‟.

Молам да гласаме.

Гласаа 65 пратеници. 62 пратеници гласаа "за", 2 пратеници гласаа "воздржано" и 1 пратеник "против".

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот. Ве молам да гласаме.

Гласаа 66 пратеници. 64 пратеници гласаа "за", 2 пратеници гласаа "воздржано". Никој не гласаше против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Михајло Ѓеорѓиевски поднесе амандман за менување на член 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1, поднесен од пратеникот Михајло Ѓеорѓиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на законот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласаа 69 пратеници. 62 пратеници гласаа "за", 5 пратеници гласаа "воздржано" и 2 партенци гласаа "против".

Констатирам дека Собраниесто го донесе Законот за изменување на Законот за девизно работење.

Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

„Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва". Ве молам да гласаме.

Гласаа 61 пратеници. 57 пратеници гласаа "за", 2 пратеници гласаа "воздржано", а 2 пратеници гласаа "против".

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот. Ве молам да гласаме.

Гласаа 64 пратеници. 62 пратеници гласаа "за", 2 пратеници гласаа "воздржано", никој не гласал против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Сакам да го поддржам овој предлог на закон. Мислам дека и тој нуди опфатни измени и не би ставал забелешки на решенијата кои сега се промовираат, под едноставна причина што прво ги ценам, а второ оние работи за кои имам поинакви мислења, подобро е да покаже праксата како тоа ќе се имплементира.

Јас сакам да упатам две свои размислувања за Собранието кои на некој начин се релевантни околу тоа што заправо се случува.

Најнапред би потсетил дека во последниот закон, преку измената во член 702, измена донесена на 16 мај 2000 година, се прецизира дека стопанските субјекти своите претставништва од странство ги пријавуваат тука, во Република Македонија, не повеќе кај надлежното Министерство за економски односи со странство, туку кај Министерството за трговија, иако со промените во Законот за органите на управата, такво министерство избришавме. Според тоа упатно би било, можеби, да се врати формулацијата во член 702, од самиот изворен текст на Законот за трговски друштва.

Втората работа што мислам дека е важна, тоа се нештата поврзани со стекнување право и остварување на ефективна контрола во фирмите каде мнозинство на обични акции, со тоа и акции на управување, стекнал нов акционер, или група на акционери. Постојната процедура за упис во трговскиот регистар е обемна и подразбира, ориентационо од 2-3 месеци, додека новиот сосптвеник на акции може ефективно да ја контролира фирмата што ја купил. Оттука мислам дека е потребно под итно да се направи промена во начинот или во процедурата на упис во трговскиот регистар, познати ви е дека тој регистар се води при судот, во таа смисла што новиот сопственик ќе може да оствари контрола веднаш. Тоа веднаш јас би го свел на неколку часа, на некој начин да има дежурство или приправност при судот надлежен за упис. Неразбирливо е да се очекува, од луѓе кои даваат сопствен имот или свои пари за да стекнат управување. Неразумно е од тие луѓе да се очекува готовност, неколку месеци да останат во исчекување. Јас се обидов во мај минатата година да промовирам лична измена, кога исто така имавме закон за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва, тој закон поинаку е објавен во "Службен весник" број 37 од 2000 година, членот 12 такви нешта апсолвира. Но, во праксата, во судовите тоа остана без резонанса. Јас можам да се согласам дека евентуално таа измена не е доволна, или не е доречена. Но, јас не можам да се согласам праксата да остане иста во Република Македонија. Сметам дека иницијативата во стопанството не смее да биде закочена, а уште помалку пак, а тоа е и уставна категорија, мора да се обезбеди заштита на сопственоста. Со тоа би завршил во овој претрес.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада, колеги пратеници, нашава партија ВМРО-ВМРО го разгледа предлогот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва и нашето мислење е следно:

Овој закон е само од аспект на водење на сметководството во трговски друштва. Во тој домен нема некои новини, бидејќи тоа до сега беше регулирано со Законот за сметководство. Сите одредби од Законот за сметководството се пренесуваат од Законот за сметководството во Законот за трговски друштва. Сега со оваа измена ја имаме следнава состојба:

Водењето на сметководството како единствена професија се регулира со два закони и тоа Законот за сметководство кој ќе се однесува само за нестопанството, односно за државните и јавните

претпријатија и во другиот дел водење на сметководството ќе се регулира со Законот за трговски друштва.

Констатираме дека е неприфатливо тоа, без разлика од кого потекнува тој предлог, заради тоа што сметководството ќе се подели на два дела, при што се измислуваат и некои нови звања во сметководството, а со овие измени ќе се доведе во прашање работата на околу 30 илјади сметководители кои со донесувањето на овој закон може да се најдат на улица.

Македонската комора на сметководители, финансиери, ревизори испрати до нас барањ со кое бараат сметководството да се регулира како што е до сега случај во нашите соседни држави, во бившите југословенски држави и во повеќе европски земји. Од тие причини бараме овој закон да се разгледува во две фази.

Со донесувањето на овој закон ние сметаме дека ќе има големи реперкусии, посебно ако се има предвид дека со новиот закон се даваат многу големи овластувања на еден комунистички орган кој досега никогаш не функционирал и никогаш не ги штител интересите на сметководителите и кој цветал со доста криминал, како и големи авторски хонорари. Со овој закон се даваат толку големи овластувања на таа асоцијација на сметководители, што од неа ќе зависи работата на секој сметководител.

Ако се има предвид за добивање на сертификат за водење на сметководството оваа асоцијација веќе и сега, секој сметководител бара по 50 илјади денари по човек. Тоа значи од сметководителите што ги има околу 30.000, таа асоцијација ќе собере околу 1,5 милијарди денари, односно околу 50 милиони германски марки. Ние сметаме дека тоа е невиден криминал и затоа бараме од Владата да го повлече овој закон, со што би спречила продуцирање на уште едно гнездо на криминал.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандмани на член 110, во новиот член 546-б, став 1 и на член 110 во новиот член 546-б став 1 за додавање на нов став по ставот 1, по кој Владата на се произнела.

Пратеникот Борислав Трповски поднесе амандмани на член 12, за менување на став 1, за менување на член 19 и за додавање нов член 21-а по член 21.

Пратеникот Никола Поповски поднесе амандман на член (новите) 110, 113 и 124, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 104, во новиот член 536-а по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 12, за менување на став 1, поднесен од пратеникот Борислав Трповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам повикајте ги пратениците да влезат во салата за да можеме да гласаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам повикајте ги пратениците да влезат во салата.

Ве молам, гласаме по амандманот на член 12 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Борислав Трповски. Ве молам да гласаме.

Гласаа 66 пратеници, 20 пратеници гласаа за, двајца гласаа воздржано и 44 пратеници гласаа против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 19 поднесен од пратеникот Борислав Трповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 23 пратеници гласале за, 3 пратеници гласале воздржано, 38 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 21-а по членот 21, поднесен од пратеникот Борислав Трповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (не).

Г-динот Трповски бара збор.

**БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ:**

Г-дине претседателе г-дине министре, мислам дека овој амандман треба да се прифати бидејќи, образложението што е дадено очигледно треба да се прифатат сродветни решенија кои претходно се прифатени, предложени од страна на предлагачот во однос на Договорот на друштвото. Имено, според последното решение од член 196 став 1 секоја измена на Договорот за друштвото нема правно дејство се додека не е запишано во трговскиот регистар. Бидејќи, со законот се предлага во трговскиот регистар да се запишат само конститутивните факти, потребно е да се измени и овој став 1 од член 196 и да се утврди дека ако измената на Договорот за друштвото се однесува за прашања за кои со законот за трговски друштва не се запишуваат во трговскиот регистар, ќе има правно дејство од моментот на донесувањето. Значи, со оваа измена се доградува предложеното решение. Од тие причини мислам дека овој амандман треба да биде прифатен. Според тоа, предлагам ако навистина се погледа правата суштина, мислам дека нема причини да не се прифати овој амандмна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали уште никој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Аамндманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 18 пратеници гласале за, 8 пратеници гласале воздржано, 41 пратеник гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 104 во новиот член 536-а поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Во амандманот што го имаме пред нас пишува Љупчо Ристевски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ненад Ристевски е кај мене напишано.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Дали се однесува на член 120.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се однесува на членот 536. На член 104 во новиот член 536-а .

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот, амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 20 пратеници гласале за, 4 пратеници гласале воздржано и 42 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 110 во новиот член 546-6 став 1 поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали некој друг бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, од тоа 20 пртеници гласале за, 3 пратеници гласале воздржанот, 44 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 110 во новиот член 546-6 став 1 и за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласале 59 пртеници, 20 пратеници гласале за, двајца пратеници гласале воздржано, 37 пратеници гласале против.

Ве молам да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата, можеби некој не гласал.

Нема доволно пратеници кога овде се гласало.

Молам, сега има доволно пратеници, нека седнат и нека гласаат.

Ова претходно гласање сега не важи и ќе мораме повторно да гласаме.

Молам, да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 23 пратеници гласале за, 2 пратеници гласале воздржано, 40 пратеници гласале против.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на членовите 110, 113 и 124 поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали некој друг бара збор?

Г-динот Никола Поповски бара збор.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани колеги, со новиот член 110 за кого е поднесен амандманот, всушност, со овој член се додаваат во законот 10-тина нови членови 546-а, 546-б, 546-в, 546-г, 546-д, 546-ѓ, 546-е, 546-ж, и 546-з. Покрај тоа што овие членови уредуваат одредена материја во врска со сметководителите и сметководствените работи, со овие 10-тина нови членови се уредуваат и работи во врска со ревизијата. Во овој момент работата на ревизијата е уредена со посебен закон кој е објавен и кој е во сила во РМ. Со тој закон се уредуваат условите и начинот за вршењето на ревизија, па дури и се уредуваат и правните и физичките лица кои можат да ја вршат таа дејност согласно тој Закон.

Со оглед дека сега овде повторно со овој Закон се уредува овластен сметководител-ревизор сметам дека влегуваме во зона во која можеме со овој Закон по втор пат во РМ да потврдиме работа во една област која е веќе утврдена со друг закон, а тоа е посебен закон.

Ќе биде невозможно во праксата да се остварува таа дејност, бидејќи одредени делови од овие два закона мора да се спроведуваат или паралелно или да се во контрадикција еден со друг. Затоа, сметам дека ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, расправаме за важни работи и нека биде тишина, за да можеме да сеислушаме.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Од тие причини сметам дека гласањето на овој амандман кој го исфрла зборот ревизор од овие 10 членови и го задржува само во Законот за ревизија односно комерцијална ревизија, кој е усвоен и на сила во РМ, нема да не доведе во позиција сегашните ревизори и ревизорски куќи своето работење да го усогласуваат со два закони кои не се и немора да се во иста насока и да не ги доведеме во позиција да имаат проблеми во својата практична примена. Затоа, сметам дека кога веќе министерот за ниеден закон, односно за ниеден амандман не дава никакво образложение, еве и сега не даде образложение, тогаш ги повикувам пратениците да гласаат за усвојувањето на овој амандман. А, ако министерот има нешто што ние неможеме да го согледаме во врска со ова, тогаш да ни соопшти. Меѓутоа, сметам дека додека не се донесе нов закон за ревизија со кој таму ќе се изменат некои одредби овој закон не би требало евентуално ни да стапи во сила. Ако нема никакво објаснување од надлежните, од Владата, тогаш ги повикувам пратениците да гласаат за овој амандман. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Министерот за финансии се јави за збор.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Прво, овој Закон во ништо не е во спротивност со Законот за ревизија и со тоа би сакал да кажам дека звањето овластен сметководител или овластен ревизор во западните држави не постојат. Постои само овластен сметководител и тоа го опфаќа и овластениот ревизор. Значи, тоа е добро проверено, Законот го подготвувавме со експерти кои што ни ги даде странска фирма, се подготвуваше неколку месеци, така што воведуваме звања кои што се прифатени од целиот западен свет. Овластен ревизор не постои таму. Овластен сметководител го покрива и едното и

другото. Тоа е причината зошто одиме на овој начин.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Никола Поповски бара повторно збор.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Како поднесувач на амандманот токму упатував на фактот дека овој Закон ќе направи забуна. Имено, ние сега во РМ имаме на сила Закон за ревизија кој е објавен во Сл.весник 65 од 1997 година и дополнет во број 27 од 2000 година, во кој Закон се уредува материјата за поседување на уверение за ревизор, условите за стекнување на звањето ревизор итн. Сега, со овој закон се воведува ново звање кое гласи сметководител-ревизор. И, повторно се утврдуваат услови како се станува овластен сметководител-ревизор и како се стекнува звањето во комисиска процедура итн, што е законска материја, исто така, уредена со Законот за ревизија, кој во овој случај не е во пакетот на закони, за да тие одредби се поништат. Во истиот момент ќе настане по двата основа некој ќе треба тоа да го спроведува.

Затоа, уште во првата дискусија упатував дека таа материја некако мораме да ја уредиме комбинирано и со другиот закон. А, ако тој закон доцни, тогаш спроведувањето на овој закон каде што пишува осмиот ден од денот на објавувањето, ќе го поклопи во одредени делови.

Ние не смееме во Собранието да создаваме услови на оние луѓе, на кои пред 3 години сме им овозможиле со закон да се занимаваат со ревизорска дејност, а сега да им наметнуваме радикално нови услови и да им кажуваме, дека и по другиот и по тој закон треба да оди паралелно. Ние мораме да ги испитаме оние луѓе, кои ги втурнуваме во профитна и во стопанска активност со сопствени закони. Ние премногу често почнуваме да им наметнуваме разни пререгистрации и разни промени на условите за работење, а тоа не им го наметнува никој друг, туку самата држава. Мораме да водиме сметка дека и тие од утре со овие два паралелни закони ќе имаат проблем и ќе се случи она што постојано се случува. Ќе стојат пред шалтерите на Министерството за финансии и пред нивните управи, некој да им даде толкување по кој закон тие понатаму ќе работат, па потоа ќе ни праќаат кај нас во Собранието барање за автентично толкување, за тоа кој закон се применува и само го впклеткуваме се повеќе системот, што ние го уредуваме, а во кој тие можат да работат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласаа 68 пратеници, 24 пратеници гласаа за, 8 пратеници се воздржаа од гласањето, а 36 пратеници гласаа против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Овде немало гласање. Гласале само 53-ца пратеници, додека има потребен број присутни.

За збор се јави г. Никола Груевски, министер за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Јас се извинувам г. Андов, ако можеме да продолжиме по друга точка, а овој амандман да го оставиме, бидејќи е многу значаен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да се разбереме. Јас го заклучив претресот. Никој не доставил амандман и амандманот не е во постапка. Кој што си мислел, кој што си подготвувал, тоа е негова работа. Ова е Собрание. На тој начин не се работи.

Ние ќе го повториме гласањето, меѓутоа, не се разбираме. Очигледно имаше некои недоразбирања. Ние ќе си го повториме гласањето, меѓутоа, амандманот ќе го дадете во друга постапка. Ако сакате за три дена ќе одржиме повторно седница, се ќе биде како што треба. Меѓутоа, не може да се враќа нешто што е готово овде. Зошто амандманот не дошол, затоа вие треба да си проверите.

Повелете г. министре Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

По овој амандман и Владата дискутираше дополнително и оцени дека е добар, да се вклучи. Затоа, би ве молел да се причека.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не станува збор дали амандманот е добар. Сигурно е добар. Убаво е и што Владата расправала. И тоа е добро. Меѓутоа, има правила како треба да се постапува. Од тие правила не смееме да отстапуваме и ако отстапиме ќе биде "лом".

Сега гласаме за Предлог-законот. Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 43 пратеници гласале за, 15 се воздржале, а 5 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собарнието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва.

Сега имаме еден поважен закон и немаме амандмани по тој закон.

Ве молам да ги прашам претставниците на Владата зошто немаме добиено амандмани по Законот за девизно работење. (Се извинувам амандманот го најдовме).

Сега се навраќаме на 6-тата точка. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за девизно работње.

Бидејќи го заклучивме општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Делче Ицков, поднесе амандман за додавање нов член 7-а, по кој Владата не се произнела.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот, за додавање нов член 7-а, по член 7, поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 67 пратеници гласале за, 1 пратеник се воздржал, и ниту еден пратеник не гласал против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за девизно работење.

Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот на безготовински плаќања, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор.

За збор се јави г. пратеник Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитуван министре. Мислам дека нема потреба од донесување на овој закон, освен ако не е направена одредена техничка грешка, бидејќи од овие многу важни закони од финансиската сфера се случува, она што се случувало претходно. Министерот кажа дека и Владата расправала, меѓутоа, често ми подметнуваат амандмани кои често ги менуваат суштината, основите и начелата, а се однесуваат на многу субјекти, на многу битни финансиски работи. И на оваа расправа, по овие материјали, се случуваше истото да се добие амандман во последниот момент.

Всушност, за што се работи? Министерот за финансии, пред неполн месец па и сега е објавен Законот за безготовинско плаќање, односно за внесување на безготовински плаќања, ме убедуваше. Покрај фискалните ефекти од овој закон дека има цел да имаат голема контрола во однос на изработувачот, односно да моделите на фискалната апаратура, за интензивираниот автоматски систем за управување и давање дозвола, за негово одобрување. Се работи за карти кои во РМ треба да ги имаат сите продавници, освен оние селски продавници, кои не прават профит до одреден износ. Во тој дел ние оценивме во распавата, кој дел на овластувања го зема во членот 15 и во членот 19 министерот за финансии. Се работи врз основа на одобрување на акти од министерот за финансии и одредување на надоместок. Од страна на Владата министерот дава монопол на одредени

производители, кој имаат право да произведуваат, да склучуваат, а додека сите трговски друштва самостојните друштва да ги набавуваат тие. Се работи за голем бизнис. Се работи за монопол во тој бизнис и ние усвоивме Закон. Уште не е исушена "печатарската боја" од Службен весник, а министерот ни најавува, дури и во овој пакет на финансиски закони, поврзувајќи го со моменталната политичка состојба во Република Македонија и основниот однос, кој беше услов за доделување на правото. Тоа е соодветен модел на фискална апаратура, односно на интегриран автоматски систем, со кој е должен да обезбеди банкарска гаранција, во висина од 500 илјади УСА. Тоа е сигурноста на еден производител за да произведува квалитетни производи, односно карти, интегрирани системи, што ги нарекуваме на апаратура: дека ќе одржуваат резервни делови, ќе имаат три сервисни центри и наеднаш, "гром од ведро небо", министерот за финансии ја укинува таа банкарска гаранција, која е основен услов со која се создава. Морам да кажам дека големо сомневање има дека однапред се определени оние кој ќе ги произведуваат и дистрибуираат картите, врз основа на дискреционо право на министерот, кој ќе им го додели тоа одобрување. Можеби, не требаат 500 илјади УСА, меѓутоа, министерот ме убедуваше дека тоа основицата од која понатаму ќе се тргнува понатаму во доделувањето. Државата доделува бизнис, доделува монопол. Министерот сега го брише тој дел и вели дека нема потреба од банкарска гаранција. Ако нема потреба од банкарска гаранција, се она друго нема никаква логика. Нема да чуваат делови, нема да отвораат сервиси и ќе се направи одреден хаос. За тоа, барем министерот требаше да објасни.

Сметам, дека министерот треба да бара одлагање на расправата, барем ценејќИ ја политичката состојба, бидејќи образложението гласи: во Република Македонија, немаме прилив на странски капитал, нема заинтересираност на странски инвеститори на монополска положба. Финансиската состојба и на производителите и на заинтересираните не дозволуваат да обезбедат 500 илјади УСА банкарски гаранција. Ние сме пратеници знаеме што е банкарска гаранција: не бара никој пари, не бара никој да издвојува, односно да се издвоени на посебна сметка. Јас не би сакал да правам инсинуации на министерот, бидејќи се работи за една од оние работи кои секоја вечер ги слушаме по телевизиите. Се работи за монопол на државата, односно за траен монопол, кој ќе создава бизнис, ќе создава профит.

Затоа, би сакал министерот да го слушне образложението кое е, или овој дел да го намали. Инаку, не може да ме убеди дека странска компанија која произведува ваква апаратура, нема да даде гаранција од 500 илјади УСА, кога има бизнис, па да го кажеме и тој број. Во РМ, сигурно ќе се продаде одпрвин, бидејќи рокот е имплицитен. Крајниот рок е кога мора да набавиш, инаку не може да се работи. Ниедна продавница не ќе може да работи. Сметам дека секој ќе обезбеди монопол на тој дел. Сметам дека пратениците ако ја сфатат таа состојба, да не ја поддржат потребата од донесување. А особено, овој закон нема никаква врска, со она што министерот ни го прати писмото во делот на реформите, во делот на остварување на фискалната политика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на г. пратеник Александар Гештаковски, има збор г. министер за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Сакам да објаснам, затоа што г. пратеник спомна дека се дава некаков монопол на некого. Согласно законот, наскоро треба да излезат потзаконски акти, што ги одредуваат техничките карактеристики на производот, а потоа ќе биде објавен оглас, кој што не е ограничен. Може сто компании да го добијат, може 5, може една, може 6, може незнам колку. Секој оној кој што ќе ги исполни техничките карактеристики, ќе добие лиценца за производство на таков вид производи. Сакав тоа да го објаснам, бидејќи се работи за таков вид на производи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на г. министер Никола Груевски.

За збор се јави г. Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Јас само ќе ги цитирам членовите кои ги даде министерот. Во член 19 се вели: министерот за финансии ги пропишува функционалните и техничките карактеристики, кои треба да ги имаат фискалните апарати, при интегрираниот автоматски систем за управување.

Постапка и ратификација за нивно одобрување, елементите на фискалната сметка, начинот и проверката и контрола на фискалните апарати, и правилата на техничкото одржување и финансирање на истите.

Во членот 15, за соодветен модел на фискална апаратура, односно за интегриран автоматски систем на управување, се издава дозвола за негово одобрување, на начин и постапка пропишана од министерот за финансии. Министерот кажа дека потзаконски акти и тоа е точно. Мислам дека има преголемо дискреционо право министерот и ни објаснува зошто ја укинува банкарската гаранција, која е единствена гаранција дека тој производител, врз основа на овие критериуми и врз основа на дискреционо право ќе ги пропише министерот. Јас не се сомневам во овој министер. Ние градиме законодавство. Можеби овој министер, врз база на овие овластувања, може да овласти одреден производител, врз основа на негово дискреционо право, врз основа на техничките показатели кој ќе ги определи. Нема никаква логика, за укинување на банкарската гаранција, како доказ. Министерот се обиде да ни објасни. Може и да ја намали, доколку е многу 500 илјади УСА.

Господине претседателе и господо пратеници, пред месец дена се убедувавме, односно истиот министер не убедуваше дека 500 илјади УСА, треба да биде гаранцијата, а тоа не може преку ноќ, ако не се сомнева во нешто. Дали ни треба 500 илјади УСА, дали ни треба 100 илјади УСА, меѓутоа ни треба банкарска гаранција.

Би сакал г. претседателе да направам една исправка. Колегата Караџоски кажа дека по донесувањето на Одлуката на Уставниот суд што е "нон-сенс" дека ние сме го дале Законот.

Врз основа на штембилите и приемот во Собранието, законот е поднесен до Собранието на 11.01.2001 година, а одлуката на Уставниот суд во Собранието е примена на 7.03.2001 година, односно Уставниот суд одлучил на 28.02.2001 година. Значи, постои разлика од 2 месеца од донесувањето на Законот, до донесувањето на Одлуката на Уставниот суд и според тоа, не држи таа логика и тоа би било "нон-сенс", ние по донесувањето на Одлуката да предлагаме закон. Инаку, во другиот дел за одлуките на Уставниот суд, не би се вклучил да ги коментирам и да објаснувам.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Господине Гештаковски, прво не беше пред месец дена, туку беше пред добри три месеци кога земјата сеуште беше во некоја понормална состојба. Сега во новите услови се помалку компании можат да ги обезбедат тие гаранции и тоа е причината затоа што се откажуваме од овој инструмент.

Што се однесува до Вашиот предлог, да остане, можам да ви кажам дека тоа е единствен начин да се дојде до некоја монополизирана состојба, затоа што само многу малку компании ќе бидат во состојба да обезбедат толку високи банкарски гаранции за кои што ценам дека во услови на нормално банкарство и нормално економско живеење ќе беше возможно да се остварат. Значи ако остане вака, постои можност не една, туку и ниедна компанија да не се јави и да дојде во прашање спроведувањето на законот. Тоа е причината зошто го тргаме овој инструмент од законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, имам впечаток дека се наоѓаме во малку нелогична ситуација. До пред некое време оној кој не веруваше да гласаме за закон каде што ќе има банкарска гаранција не беше господинот Гештаковски, тоа беше Владата чиј претставник овде е господинот Груевски. Пред месец, два не веруваше дека ни треба банкарска гаранција од 500 илјади, за сега да ни дава стотици аргументи дека тоа не треба. Јас работата ја гледам обратно. Сега господинот Груевски и тоа ќе му замерам како пратеник по илјадити пат во овој Парламент, сега е 18,20, во 17,55 господинот Груевски ни поднесува амандман со кој го дополнува законот дека ќе се применува од 1 јули 2001 година. Ние денеска на 28 треба да го донесеме решението и по два дена да се примени. Се разбира дека господинот Груевски на секој закон денеска како и во изминатите пет, шест месеци поднесува амандмани во последниот момент од расправата под фирма Делче Ицков. Со тоа прво се дезавуира Владата на Република Македонија која е коалициона. Кога Владата ќе испрати овде закон, а во последен момент министерот во името на некој пратеник кој не го пишува, туку само го потпишува амандманот по сите овие девизно работење, трговски друштва и сега ќе

видиме уште колку во иднина пет, шест закони господинот Делче Ицков има ставено потпис на министерските амандмани кои неможе да ги поднесе во името на Владата, затоа што не поминале на Владата. Цела Влада се доведува во позиција политиката која ја нуди пред овој парламент да биде на крајот  заобиколена само со фактот дека еден министер ги прифаќа амандманите кои се ад хок поднесени од некој пратеник кој е од неговата партија.

Господине министре, оваа Влада е коалициона Влада составена од десетина партии. Не може ниту еден министер да ја менува владината одлука во овој парламент, иако го има тоа законско право, затоа што тоа не е фер. Тоа треба да се разгледа на Владата на Република Македонија и да се поднесе амандман. Овој е  елегантен начин, меѓутоа, сеуште е малку не фер начин на заобиколување на Владата на Република Македонија, а во нејзино име  прифаќање на амандмани.

Она што сакам сега да го кажам по повод обраќањето на г-динот Гештаковски дека овој закон станува малку безпредметен е следниот. Гаранцијата помеѓу другото се издава и за да ги заштити сите оние трговци кои со денот на влегување на сила на овие одредби ќе мора да инсталираат автоматизирани каси, компјутерски каси и како се не се викаат. Замислете ја вие позицијата во која ние како држава, овој пат преку одлуката на Министерството за финансии, на министерот за финансии ќе овластиме некој да ги продаде моделите на фискалната апаратура, да ги монтира некој и тој производител после три дена да каже: извинете, јас се повлекувам од овој пазар и вашите фискални апаратури кои се монтирани, најдете си кој ќе ви ги одржува, кој ќе ви ги поправаи и кој ќе ви обезбедува резервни делови и техничари на три пункта во Македонија по најмалку 300 апарати најмногу 300 да одржува еден. Тој ќе се повлече во моментот и сите оние кои ги набавиле касите не можат да си го остварат своето право, а по принуда на законот ги набавиле. Оваа банкарска гаранција меѓу другото треба да придонесе за нивната сигурност дека ние нема да ги оставиме на цедило. Јас мислам токму обратно, ако ситуацијата во државата безбедносно се влошува, за што се сложуваме, тогаш сега е најмалку потребно да дозволиме на некој да се инсталира во Македонија со фискална апаратура за онолку денови колку што му е потребно да ја монтира и продаде и после тоа да се повлече од пазарот без банкарска гаранција, па сите продадени машини да останат, да се снаоѓа секој кој како може и умее, на поправка, или на реинсталирање. Затоа сметам дека банкарската гаранција и во овие тешки времиња во висина од 500 илјади долари треба да остане. Не заради тоа што ги влошуваме условите на нив, гледаме ние како се движат во Македонија и во кризни времиња парите помеѓу правните субјекти. Тука има луѓе кои купуваат 20%, 30% од една банка преку ноќ. Од каде тоа одеднаш, нема 500 илјади марки, или долари гаранција за фискална апаратура која ќе се инсталира на 50, 60, или повеќе илјади пунктови колку што има продажни места. Замислете  кој трансфер на пари ќе се направи спрема еден, или повеќе производители за да ја набават опремата. И одеднаш нема никој обврска неа  да ја одржува, нема банкарска гаранција, ќе си замине и наплатете си ги вие проблемите после без банкарска гаранција. Затоа мислам дека законот, го подржувам г-динот Гештаковски, не затоа што е од нашата пратеничка група, затоа што мислам дена има логика. Да ги заштитиме луѓето за кои само по три дена им даваме налог да инсталираат фискална апаратура, да ги заштитиме од некој кој може да ги изманипулира.

Второ, мислам дека сега е малку доцна, малку е доцна на три дена пред примена на законот радикално да го смениме условот за да може некој производител да добие од Министерството за финансии лиценца. Зошто? Затоа што кога Законот бил усвоен, секој кој сакал да конкурира на пазарот ги читал овие шест услови. Па некој рекол јас можам да вршам набавка со резервни делови, јас можам да имам три сервисни центри, можам да имам техничар на триста апарати, меѓутоа немам банкарска гаранција. И затоа се повлекол, не ни влегол во иницијатива да размислува за добивање на таа лиценца. И сега тој откако одеднаш се повлекол, некој можеби на некого му шепнал, обезбеди го сето ова, не се повлекувај во клучен момент 500 илјади долари гаранција нема да ти биде потребна. Знаете колку вреди таа информаицја на пазарот на производители на фискална апаратура? На три дена пред тоа некој си ги создавал сите претпоставки освен банкарската гаранција. А оној кој имал реални услови пред месец дена без банкарска гаранција да влета на пазарот, се откажал, затоа што мисли дека оваа држава со законот нема да му дозволи да се протне. И сега одеднаш ние ќе му дозволиме. Во името на таквите односи на пазарот на Република Македонија нека се

помести законот за спроведување малку понатаму. Ништо нема да пропадне, пропаднаа сите државни институции во оваа држава, па аранжманот со ММФ за готовинските плаќања ќе пропаднел? Да не дозволиме на ситно со недефинирани услови да дозволуваме влез на пазарот во Република Мкедонија. Мислам дека се работи за достоинството на овој парламент кој на предлог на Владата сепак, сам ги препишува условите за стопанисување. Овој услов за стопанисување на три дена пред примената на законот, ваква промена некого става во нерамноправна положба. Не сакам никого да обвинувам, меѓутоа како пратеник имам право да претпоставам дека на некој производител на соодветен модел на фискална апаратура можеби му било шепнато. Откако сите ќе се откажат за 500 илјади долари гаранција, ти во клучен момент ќе го добиеш, ако си за се друго подготвен, законскиот услов променет и тоа во четврток за од понеделник. Во името на сето тоа сакам да верувам дека парламентот ќе остане доследен на создавањето на еднакви услови за пристап на македонскиот пазар за сите видови на профитни дејности, вклучувајќи и производство и монтирање ваква фискална апаратура доследно.

И затоа, го поддржувам многу сериозно г-динот Гештаковски.

**ДЕЛЧЕ ИЦКОВ:**

Почитуван г-дине Поповски не можам да ве разберам ми го ускратувате правото да давам амандмани. Тоа е прво.

Второ, не можам да разберам, ова испадна дека фирмата Никола Поповски му забранува на Делче Ицков трговското друштво Никола Поповски да дава амандмани.

Морам да Ви потенцирам дека сите овие мои амандмани што ги поднесувам, не значи дека министерот ќе ги прифати. Мислам дека сега ќе имате прилика да констатирате дека моите амандмани на кои јас имам право да ги поднесувам, дека министерот не ги прифатил сите. А тоа е мое лично право јас да поднесувам амандмани. И навистина ова е нон-сенс вие да забранувате некој да дава амандмани. Тоа е неблагодарно од ваша страна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници сакам да помогнам, ако може да дојдеме до конечно решение во оваа расправа. Немојте да ми замерите, меѓутоа, се наведува дека се работи за чист арамилак. Не може оваа Влада да продолжува со овој концепт кој досега го протежираше три години и не донесе овде каде што сме сега, каде што се наоѓаме. Никакви дообјаснувања дека правата на пратеникот Делчев му се скратени да поднесува амандмани, макар и вакви какви што ги поднесува. Па никој не е луд овде, министерот да не прави сите, дека пред само три дена на воведување на регистар касите, значи зделката е однапред договорена. И ако е искрен министерот треба уште да ни каже со која фирма е договорена, колку пари се платени на таа фирма, затоа што е нелогично на 80 илјади регистрирани субјекти во Република Македонија да се воведат за еден ден. Како е тоа можно? Нека се и по 15 марки, не по 150 марки. Значи однапред се знае субјектот кој треба да се јави како испорачател на опремата. И однапред се знае дека тој субјект во праксата од увозни контингенти за шеќер дека нема бонитет ваква една зделка да направи во Република Македонија и однапред се знае дека ние го минуваме сега и од банкарски гаранции од 500 илјади долари. Не е примерно ова што се прави. И после се поставуваат суштински прашања. Еден пратеник ако се јави да критикува на реални параметри што има да ја критикува Владата. Оваа наша македонска Влада ја критикуваме за вакви работи. Немојте овде да служиме само за кревање и спуштање раце.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усови следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за регистрирање на готовински плаќања. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници, за гласале 39 пратеници, 7 пратеници гласале воздржано, 28 пратеници гласале против.

Според тоа, констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Ја прекинувам седницата, ќе продолжиме утре со почеток во 11 часот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

(Од место). Јас се сомневам во исходот од гласањето и барам поединечно да се гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи г-динот Томислав Стојановски се сомнева во исходот од гласањето утре ќе извршиме поединечно гласање.

(Седницата прекина во 18,35 часот).